2024

# Годишен извештај за работата на Царинската управа во 2024 година



Содржина


**Европска интеграција** ... 2

Реформа и раст на Западен Балкан ... 2

Учество во Програмата на ЕУ Царина 2021-2027 ... 2

**Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси** ... 3

Обезбедување на ефикасна наплата на приходи ... 3

**Олеснување на трговијата** ... 6

Усогласување на националното царинско законодавство со законодавството и најдобрите пракси на ЕУ ... 7

Дигитализирани процеси и услуги ... 13

Унапредување на бизнис опкружувањето и олеснети услови за тргување ... 19

**Заштита на општеството** ... 24

Сузбивање на нелегална трговија и организиран криминал ... 24

Заштита на права од интелектуална сопственост ... 39

Други забрани и ограничувања ... 40

Други активности за заштита ориентирани кон зачувување на природата ... 41

**Организациски и инфраструктурен развој** ... 42

Зајакнување на систем за управување со човечки ресурси ... 42

Зајакнување на мерки за спречување на несоодветно и коруптивно однесување и развој на системи за правила и контрола ... 45

Модернизација на инфраструктурата на граничните премини ... 47

Контрола на работни процеси ... 50

**Меѓународна соработка и поважни настани** ... 53

## Европска интеграција

### Реформа и раст на Западен Балкан

Во мај 2024 година Европската комисија го усвои Планот за реформа и развој 2024-2027 (Reform and Growth Facility 2024-2027) како важна поддршка за спроведување на новиот План за развој на земјите од Западен Балкан (Growth Plan for Western Balkans Countries).

Царинската управа беше вклучена во подготовка на **Реформската агенда 2024-2027**, каде во приоритетот 4 - Деловно опкружување, активност 4.1.6 - Проширување на користењето на услугите на Е-Царина за економските оператори и намалување на трошоците и зголемување на ефикасноста на царинските постапки, се планира користење на средства за набавка на софтверски решенија и опрема за ИТ, согласно потребите за поддршка на новиот Царински закон што се очекува да се усвои во 2025 година, компатибилен со соодветната регулатива на ЕУ. Планираните активности во рамките на оваа Агенда се поврзани со развој на софтвер за транзитот, увозот и извозот, како и набавка на соодветен хардвер. Преку учество во оваа програма, прифатена од Владата на Република Северна Македонија, Царинската управа треба да добие парични средства во износ од околу 17 милиони евра.

### Учество во Програмата на ЕУ Царина 2021 -2027

Програмата на ЕУ Царина 2027 има за цел да се обезбеди натамошно унапредување на Царинската унија на ЕУ. Преку оваа програма предвидена е поддршка за јакнење на административните капацитети на царинските органи и за подобрени капацитети во ИТ околината со цел полесно справување со поголемиот обем на тргување и новите форми во современата трговија, како и поуспешна заштита од штетни производи и материи, подобра заштита на бизнисите и олеснување на протокот на легалната трговија[1].

Во 2024 година, на 27 настани организирани во рамки на Програмата Царина (Programme Customs) учествуваа вкупно 83 царински службеници (64 онлајн и 19 со физичко присуство). Претставниците на Царинската управа имаа можност да се запознаат со статусот на активностите што се имплементираат во Европската Унија преку следење на состаноците во следните работни групи: мрежата на европските царински лаборатории, е-Царина, подгрупата за е-трговија во рамките на групата за перформанси, експертската група за забрани и ограничувања, мрежата на национални координатори за транзит, мрежата на национални координатори на програмата Царина, групата за обуки и групата за работни посети во рамки на програмата Царина. Организирани беа две работни посети. Во рамки на првата работна посета на Царината на Хрватска, претставници на Царинската управа се запознаа со процедурата на автоматизација на терминали (дигитални ваги, видео

[1] https://eur-lex.europa.eu/EN/legal-content/summary/customs-programme-cooperation-in-the-field-of-customs.html

надзор и други автоматизирани процеси и како овие процедури за дигитални терминали се имплементираат и управуваат ефективно). Втората работна посета организирана преку Програмата Царина беше поврзана со размена на искуства околу имплементација на едношалтерски систем во Шведска.

## *Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси*

### *Обезбедување на ефикасна наплата на приходи*

Како изворни приходи на Буџетот, даночните приходи учествуваат со 57,4% во структурата на вкупни приходи на централно ниво за 2024 година. Во Буџетот за 2024 година, проектирано е повисоко ниво на остварување кај сите видови на даноци споредено за 2023 година[2].

Значајно е да се напомене дека Царинската управа со приходите од царина, ДДВ, акциза и надоместоци учествува со 72,2% во планираните приходи за наплата од даночните приходи, како и 41,5% во вкупните приходи на Буџетот на државата.

Царинската управа делува за подобрена наплата на даночните приходи преку спроведување на мерките за намалување на неформалната економија, засилена даночна контрола и поедноставување и дигитализација на даночните постапки.

### *Остварена наплата на приходи*

**Во 2024 година од увоз и внатрешен промет наплатени се вкупно 125.172,8 милиони денари или 2.035,33 милиони евра,** што претставува зголемување за 6,3%, односно зголемување од 7.375,4 милиони денари во однос на истиот период во 2023 година кога биле наплатени 117.797,4 милиони денари.

| Наплатени приходи | 2022 | 2023 | 2024 | Споредено 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно-изразено во милиони денари | 119.153,8 | 117.797,4 | 125.172,8 | 7.375,4 |
| Царина | 8.227,8 | 9.078,4 | 10.256,2 | 1.177,8 |
| ДДВ | 77.425,2 | 73.271,8 | 76.639,9 | 3.368,1 |
| Данок на моторни возила | 1.477,0 | 2.166,3 | 2.661,0 | 494,7 |
| Акцизи | 31.155,7 | 32.432,8 | 34.771,2 | 2.338,4 |

2 https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2023/11/za-Sobranie-Buxet-2024-so-obrazloz-1.pdf

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Надоместоци* | 868,0 | 848,2 | 844,5 | -3,7 |

За 2024 година наплатениот износ на приходи споредeн со бројот на вработени во Царинската управа покажува дека се **наплатени приходи од 105.187.211 денари по вработен.**

## *Решенија за дополнителна наплата*

| | Решенија за дополнителна наплата | *Q1* | | *Q2* | | *Q3* | | *Q4* | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *Број* | *Износ ден.* | *Број* | *Износ ден.* | *Број* | *Износ ден.* | *Број* | *Износ ден.* | *Број* | *Износ ден.* |
| **2024** | **По службена должност** | ***65*** | ***12.208.645*** | ***74*** | ***3.829.373*** | ***79*** | ***6.497.995*** | **319** | **38.939.980** | *537* | 61.475.993 |
| | **По барање на странка** | ***38*** | ***3.006.973*** | ***25*** | ***1.300.271*** | ***111*** | ***7.928.913*** | **264** | **7.447.118** | *438* | 19.683.275 |
| | Вкупно | ***103*** | ***15.215.618*** | ***99*** | ***5.129.644*** | ***190*** | ***14.426.908*** | **583** | **46.387.098** | *975* | *81.159.268* |

Во 2023 година беа донесени вкупно 1.395 решенија за дополнителна наплата (1.024 по службена должност и 371 по барање на странка) во вкупен износ од 275.839,634 денари.

## *Акредитација на Царинска лабораторија*

Главна задача на Царинската лабораторија е испитување на широк спектар на стоки како што се прехранбени производи, земјоделски производи, нафтени деривати, алкохол, пластика и други индустриски производи со цел соодветно спроведување на царинските и акцизни правила и закони.

Во рамките на ова, испитувањата во Царинската лабораторија се вршат во согласност со методите наведени во Царинската тарифа, базата на аналитички методи на Европските царински лаборатории и други стандардни методи. Царинската лабораторија за анализираните мостри дава и мислење за тарифна класификација во согласност со Хармонизираниот систем и Комбинираната номенклатура.

Со акредитација на Царинската лабораторија за која се вршат подготвителни активности, ќе се потврди техничката стручност за тестирање и спроведување на посебни лабораториски анализи. Лабораторијата би била признаена како компетентна, непристрасна и независна, со доверба во резултатите од лабораториското испитување.

Вработените во Царинската лабораторија присуствуваа на следниве обуки:

- Работилница за текстил согласно барањата на Царинската тарифа, одржана во Холандија (организирана преку програмата Customs 2027)

- Три online работилници за хемиски производи од Глава 29 - европска база на хемиски соединенија ECICS
- Една online работилница за Samancta (европска база за земање мостри) - подобрување на процедурите за земање мостри
- Присуство на симпозиум за нафтени деривати во Бугарија
- Online присуство на 32-от состанок на експертската група за забрани и ограничувања на европско ниво
- Воведена и разработена аналитичка метода за одредување на киселински број во растителни масла
- Присуство на работилница за ECICS во Атина
- Присуство на on line работилница на групата 6, европска база на соединенија ECICS
- Аналитичка метода за квантитативно одредување на масните киселини во растителни масла

**Во 2024 година во Царинската лабораторија се примени вкупно 140 мостри за лабораториска анализа (споредено со 66 мостри примени за анализа во 2023 година).**

Од вкупно примените мостри за анализа 93 мостри се нафтени деривати, 43 мостри се прехранбени производи, 2 мостри се отпадна гума и 2 други производи на хемиска индустрија.

Несоодветно тарифно распоредување е констатирано кај 37 мостри: 29 мостри нафтени деривати, 6 прехранбени производи и 2 мостри -производи од гума.
Останатите мостри се потврдени во однос на пријавеното распоредување според Царинската тарифа.

## *Примена на тарифни и нетарифни мерки*

### Одлуки за распоредување на стоки

Во 2024 година **се издадени 197 задолжителни тарифни информации** (од вкупно 630 важечки во последните три години).

### Одлуки за распоредување на стоки согласно Комбинираната номенклатура на ЕУ

Усвоени се и објавени две уредби за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување на одредени стока во Комбинираната номенклатура, во кои се транспонирани вкупно 12 регулативи на Комисијата на ЕУ. Регулативите се однесуваат на распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура на ЕУ, што се објавени во службен весник на ЕУ во периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 и од 01.07.2024 до 30.09.2024. Истите се однесуваат на следниве видови на стоки: зрна од агароза, обувки, сечила, мултифункционален апарат со куќиште, филтер за размена на топлина и влага, комплет за блогирање со прстенеста светлина, радијатор и апарат за вградување во возило, нови пневматски гуми, препарат за спречување на растот на бактерии, паметен часовник, обувки со горниште од ткаенина, навлака за полнење на перница.

**Одлуки за распоредување на стоки согласно Комитетот на Хармонизиран систем (ХС)**

Објавени се одлуките на Комитетот на ХС што се однесуваат на распоредување на одредени видови стоки усвоени на 72 и 73 сесија на Комитетот. Истите се однесуваат на следниве видови на стоки: негазирани пијалаци, овошно пиво, обезмастено брашно од соја, дилициум диоксид, влажни марамчиња, емулзии на амониум нитрат во воден раствор, цврсти производи од челик , роботи за сервирање, ласерски проектор, безжични слушалки, монитор за емитување, трансформаторски чаури, Линеарен Hall IC, Trilith IC уреди, декорација со Дедо Мраз, карамел пуканки, сусамов снапс, реверзна вендинг машина, рефлектирачко фитнес огледало, РФ генератор и мрежа за РФ усогласување, ел. скутер за деца, разни новогодишни декорации, темпех и разни ИНН производи.

## *Олеснување на трговијата*

Поедноставени, современи и усогласени царински процедури се од суштинска важност за ефикасна меѓународна трговска размена која непрекинато се спроведува во услови што постојано бележат промени.

Со бројни проекти се поддржуваат реформските процеси во насока на олеснување на трговијата и управување со границите (осовременување на транспортната инфраструктура, олеснување на трговијата на регионално ниво и зелени коридори, мулти модален транспорт).

Во декември 2024 година се донесе Законот за ратификација на измените и дополнувањата на Регионалната конвенција за пан–евро-медитеранските преференцијални правила за потекло (објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 261/2024). Со овој закон се ратификува Одлуката 1/2023 година која беше усвоена на 7-ми декември 2023 година, со која се изменува Регионалната ПЕМ Конвенција со цел да се обезбеди нов сет на модернизирани и пофлексибилни правила за стекнување на преференцијално потекло во ПЕМ зоната.

Во декември 2024 година се донесе Одлука за предвремена примена на изменувањето и дополнувањето на Регионалната конвенција за пан-евро-медитеранските преференцијални правила за потекло за изменување и дополнување на Одлуката 1/2023 на Заедничкиот комитет во однос на употребата на уверенија за движење издадени по електронски пат, како и Одлука за предвремена примена на изменувањето и дополнувањето на Регионалната конвенција за пан-евро-медитеранските преференцијални правила за потекло за изменување и дополнување на Одлуката 1/2023 со цел вклучување на преодни одредби на измените на Регионалната конвенција за пан-евро-медитеранските преференцијални правила за потекло кои се применуваат од 1 јануари 2025 година.

### *Меѓусебно признавање на белешките од мерење на царинските терминали*

Од 1 февруари 2024 година започна примената на Протоколот помеѓу царинските управи на Република Северна Македонија и на Република Србија за спроведување на Меморандумот за разбирање помеѓу владите на двете земји за мерки за унапредување на движењето на патници и стока преку заеднички државни граници (склучен на 16.1.2024 година). Согласно Протоколот царинските органи ја признаваат потврдата за мерење на стока (заверена од царинските органи) во царинските постапки. Царинската управа подготви Насока за мерење на товарни моторни возила, при што камионите со стока ќе се мерат само еднаш, а белешките од мерењето на царинските терминали ќе бидат прифатени како валидни од другата држава (царинска служба) кон која е упатена пратката.

### *Усогласување на националното царинско законодавство со законодавството и најдобрите пракси на Европската Унија*

Прилагодувањето на националното законодавство е претежно поврзано со регулирање на нови електронски постапки согласно Царинскиот законик на Унијата. Се следи и состојбата околу новите измени на царинското законодавство што се планираат на ниво на ЕУ како историска реформа.

Преиспитувањето на законските прописи е потребно за да се одговори соодветно на зголемениот обем на е-трговија, на новите правила, забрани и обврски. Со новите средства што се ставаат на располагање и со поедноставните постапки на царинските органи им се овозможува да работат поефикасно и да се сконцентрираат на контрола на стока, испораки и оператори кај кои се констатира најголем ризик.

### *Законски прописи со кои се регулираат царинските постапки и формалности*

- **Подготовка на нов Царински закон**

Во финална фаза е подготовка на нацрт верзија на **нов Царински закон усогласен со Царинскиот закон на Унијата,** со кој се регулираат нови дигитални постапки, нови одобренија, право на сослушување кога се носи негативна одлука, нови термини на царински постапки, нови дигитални системи. Новиот Царински закон се очекува да биде донесен до крајот на 2025 година.

Во подготовка е и **Уредба за спроведување на новиот Царински закон, што се очекува да се донесе до крајот на 2026 година.** Со оваа Уредба се пропишуваат услови, критериуми и рокови за постапување, а во следниот период ќе се подготват и **упатства за спроведување на новиот Царински закон** со кои попрецизно ќе се дефинираат процедурите за увоз, извоз, транзит, гаранции, внес на стока на царинско подрачје и др.

- **Одлука за изменување и дополнување на Царинската тарифа за 2025 година**

Усвоена е Одлуката за изменување и дополнување на Царинската тарифа за 2025 година и истата е објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 269/2024. Во оваа Одлука се опфатени измените на забелешките кон Оддели и Глави и измените на тарифните подброеви кои потекнуваат од Комбинираната номенклатура на ЕУ за 2025 година, додека царинските стапки остануваат неизменети.

- **Подготовка на измени на Закон за вршење на работи за застапување во царинските постапки**

До Министерството за финансии е доставен **Предлог за измени и дополнување на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки,** со кој се врши ревидирање на комисиите пропишани со Законот, пропишување на услови за издавање на објекти на граничен премин, олеснување на условите за стекнување на лиценца за вршење на работи на застапување во царинските постапки, подобрување на текстот и пропишување и прецизирање на одредени потешкотии во примената на истиот.

## *Законска регулатива со која се уредуваат акцизите за добрата подложни на акциза*

- **Измена на Законот за акцизи и на постоечките подзаконски акти**

➢ **Донесен Закон за измена и дополнување на Законот за акцизите** (донесен во декември и објавен во Службен весник бр. 265 од 24.12.2024 година, со стапување во сила на 31.12.2024 година)

  Со Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите направени се следните измени и дополнување:
  - се дефинира обврската за плаќање акциза при престанување на важење на одобрението за акцизни обврзници за електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс, лигнит и нафтен кокс;
  - се врши усогласување со измената во називот во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија;
  - се продолжува рокот за искористување на акцизните марки во случаи на виша сила;
  - се дефинира рокот за поднесување на барање за враќањето на дел од платената акциза за обележано гасно масло наменето за греење;
  - се врши измена во ставовите 1 и 2 во членот 118 за прекршочна постапка, со што се овозможува правилна примена на надлежноста за постапување по прекршоците;
  - се одложува примената на одредбите за производители и увозници на вино и ферментирани пијалаци и акцизните обврзници за електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс и лигнит дефинирани со член 105, 108 и 111 од Законот за акцизите.

➢ **Донесен нов Правилник за оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија** каде што е регулирано обележувањето на гасните масла за греење со нов индикатор, во согласност со Одлуката за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2022/197 за

воспоставување заеднички фискален маркер за гасни масла и керозин (Службен весник на РСМ бр. 18 од 25.1.2024 година).

- **Донесен Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија** (Службен весник на РСМ бр. 87 од 16.04.2024 година).
  Со овој Правилник се дополнува претходно донесениот Правилник за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 18 од 25.01.2024 година, во сила од 26.01.2024 година), каде беше направена измена на членот 31 и се изврши усогласување со Одлуката на Комисијата (EU) 2022/197 од 17 јануари 2022 година за утврдување на заедничко фискално средство за означување на гасните масла и керозин ACCUTRACE™ PLUS. Со донесувањето на новиот Правилник за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија 18/2024, престана употребата на Solvent Yellow 124.
  Со Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија се прави исклучок за енергентите кои се употребуваат како горива за греење и се обележани со средство за обележување со црвена боја доколку овие енергенти се предвидени да се користат како резерви со подолг временски период за чување, како и за енергентите обележани со стариот индикатор затекнати во складовите за чување на резерви, како и на акцизното подрачје, до денот на влегувањето во сила на овој правилник. Можат да се користат до исцрпување на залихите.

Во ноември 2024 година до Министерството за финансии испратени се **Предлог Правилник за начинот на оданочување со акциза на алкохол и алкохолни пијалаци и тутунски производи** и **Предлог Правилник за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија.** Во Предлог Правилникот за оданочување со акциза на алкохол и алкохолни пијалаци и тутунски производи, направено е понатамошно усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕК) бр. 3199/93 од 22 ноември 1993 година за взаемно признавање на постапките за целосно денатурирање на алкохол за целите на ослободување од акциза.
Во двата предлог правилници додадени се членови со кои се пропишуваат поблиски критериуми за исполнување на условите за намалување на гаранцијата за обезбедување на акцизен долг и гаранцијата во форма на готовински депозит, согласно член 30 став 13 од Законот за акцизите. Во делот на документацијата која се приложува кон барањето за издавање на акцизна дозвола и одобрение за повластен корисник, направено е усогласување на документите што ги издаваат другите институции.
Исто така, во двата предлог правилници се допрецизира начинот на враќање на акцизата на дипломатските и конзуларните претставништва и членовите на нивниот персонал, што не беше детално прецизирано досега. Во Предлог Правилникот за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија се пропишува и содржината на месечниот извештај за набавени, продадени и количини на залиха на енергенти кои содржат материи за обележување.

Во двата предлог правилници направено е подобрување на текстот во согласност со тековното акцизно работење, вклучувајќи ја и примената на компјутерскиот систем на Царинската управа.

## *Регулирање на постапките со интерни документи (подготовка на нови и ревидирање на веќе постоечки упатства, процедури, насоки, прирачници)*

**Царински постапки**

Донесени се нови интерни документи за регулирање на постапките:

- Насока за мерење на тежина на товарни моторни возила, со која се уредуваат обврските и постапките што ги преземаат царинските службеници при спроведување на обврската за мерење на тежина на товарни моторни возила во царинските испостави при влез/излез и увоз/извоз, со акцент за унапредување на движењето на патници и стока преку заедничките државни граници помеѓу Република Северна Македонија и Владата на Република Србија;
- Насока за привремен увоз на транспортни средства, во која се сумираат основите на одобрување на привремен увоз на транспортни средства и воедно се воспоставуваат практичните начини и постапувања на царинските службеници при завршувањето на постапката привремен увоз;
- Упатство за поедноставени постапки со примена на СОЦДАД, со кое се допрецизира процесот на следење и проверка по службена должност на исполнетоста на критериумите на издадените одобренија за поедноставени постапки од аспект на потврдување на резултатите за извршената проверка;

## *ВКУПНО ОБРАБОТЕНИ ДЕКЛАРАЦИИ во постапки на увоз, извоз и транзит – царинарници и царински испостави (во период јануари-декември 2024 година)*

### *Индикатори за е-Царина*

| **Обработени декларации** (во увозна и извозна постапка) | 2023 | | | 2024 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Увоз | Извоз | Вкупно | Увоз | Извоз | Вкупно |
| | 468.203 | 266.798 | 735.001 | 496.524 | 275.867 | 772.391 |

| **Просечно времетраење на постапките** (Не се опфатени декларациите процесирани за повеќе од 2 дена, каде постои оправдано образложение поради утврдени неправилности при вршење на царинските контроли) | 2023 | | 2024 | |
|---|---|---|---|---|
| | Увоз | Извоз | Увоз | Извоз |
| | 137 минути | 20,8 минути | 145,7 минути | 25,4 минути |

| **Зголемен број на декларации во поедноставена постапка во однос на 2023 година** | **Зголемување на одобренија за поедноставена постапка на локално царинење** | **Кај увоз – кај колкав процент од декларации селектирани од системот за управување на** |
|---|---|---|

| | (сега активни 78 одобренија) | ризици на црвен канал се откриени нерегуларности |
|---|---|---|
| 3,97 %. | 5 нови иматели на вакво одобрение во 2024 година | 20.7 % |

**Транзитни декларации обработени во период јануари-декември 2024**

| Тип на транзитна декларација според место на поаѓање/одредишно место | Број на обработени декларации |
|---|---|
| Место на поаѓање МК, одредиште надвор од МК | **130.131** |
| Место на поаѓање надвор од МК, одредиште во МК | **110.219** |
| Место на поаѓање надвор од МК, одредиште надвор од МК | **74.318** |

## *Акцизни постапки – декларации (во период 01.01.2024-31.12.2024)*

- Декларации за производство – за енергенти 20, за алкохол 491 и за тутун 25
- Декларации за производство – мали производители – 76
- Декларации за преработка – за енергенти 189, за алкохол 585 и за тутун 165
- Декларации за загуба и уништување – за енергенти 92, за алкохол 53 и за тутун 14
- Декларации за плаќање на акциза- за енергенти 196, за алкохол 1.197 и за тутун 752
- Декларации за доплата на акциза – за енергенти 69 и за тутун 61
- Декларации за враќање акциза – 268
- Месечни извештаи од повластен корисник – за енергенти 221 и за алкохол 2.499
- Пријави за плаќање на данок на моторни возила за преправени моторни возила –35
- Декларации за акцизни марки – за алкохол 1.329 и за тутун 1.117
- Декларации од земјоделци – 71
- Електронски акцизни документи -за енергенти 20.576, за алкохол 3.748 и за тутун 411.

## *УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДЕКЛАРАЦИИ ПО КАНАЛИ (2024) - применуван принцип на селективност при контрола*

| *Декларации поднесени за УВОЗ во период јануари-декември 2024* | | | *Декларации поднесени за ИЗВОЗ во период јануари-декември 2024* | | | *Вкупно декларации поднесени и за извоз и за увоз во период јануари-декември 2024* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Зелен канал* | *Жолт канал* | *Црвен канал* | *Зелен канал* | *Жолт канал* | *Црвен канал* | *Зелен канал* | *Жолт канал* | *Црвен канал* |
| *327.012*<br>*65,9 %*<br>*на годишно* | *122.997*<br>*24,8 %*<br>*на годишно* | *46.515*<br>*9,4 %*<br>*на годишно* | *267.863*<br>*97,1 %*<br>*на годишно* | *7.163*<br>*2,6 %*<br>*на годишно* | *841*<br>*0,3 %*<br>*на годишно* | *594.875*<br>*77,0 %*<br>*на годишно* | *130.160*<br>*16,8 %*<br>*на годишно* | *47.356*<br>*6,2 %*<br>*на годишно* |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ниво | ниво | ниво | ниво | ниво | ниво | ниво | ниво | ниво |
| Декларации поднесени за УВОЗ во период јануари-декември 2023 | | | Декларации поднесени за ИЗВОЗ во период јануари-декември 2023 | | | Вкупно декларации поднесени и за извоз и за увоз во период јануари-декември 2023 | | |
| Зелен канал | Жолт канал | Црвен канал | Зелен канал | Жолт канал | Црвен канал | Зелен канал | Жолт канал | Црвен канал |
| 310.848<br>66,4 %<br>на годишно ниво | 117.543<br>25,1 %<br>на годишно ниво | 39.812<br>8,5 %<br>на годишно ниво | 260.390<br>97,5 %<br>на годишно ниво | 5.228<br>2,1 %<br>на годишно ниво | 1.180<br>0,4 %<br>на годишно ниво | 571.238<br>77,7 %<br>на годишно ниво | 122.771<br>16,7 %<br>на годишно ниво | 40.992<br>5,6 %<br>на годишно ниво |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Увозни декларации селектирани по канали (споредба 2024/2023 по квартали)** | | | | | | | | | | | |
| Изразено во % увозни декларации на зелен канал 2024 | | | | Изразено во % увозни декларации на жолт канал 2024 | | | | Изразено во % увозни декларации на црвен канал 2024 | | | |
| Q1<br>66,5% | Q2<br>66.2% | Q3<br>65,6% | Q4<br>66.8% | Q1<br>24,9% | Q2<br>25.7% | Q3<br>26,3% | Q4<br>19,3% | Q1<br>8,6% | Q2<br>8,1% | Q3<br>8,1% | Q4<br>13,9% |
| Изразено во % увозни декларации на зелен канал 2023 | | | | Изразено во % увозни декларации на жолт канал 2023 | | | | Изразено во % увозни декларации на црвен канал 2023 | | | |
| Q1<br>67,8% | Q2<br>67,3% | Q3<br>66,7% | Q4<br>66,3% | Q1<br>23,3% | Q2<br>24,4% | Q3<br>25,6% | Q4<br>25% | Q1<br>8,9% | Q2<br>8,3% | Q3<br>7,7% | Q4<br>8,7% |
| **Извозни декларации селектирани по канали (споредба 2024/2023 по квартали)** | | | | | | | | | | | |
| Изразено во % извозни декларации на зелен канал 2024 | | | | Изразено во % извозни декларации на жолт канал 2024 | | | | Изразено во % извозни декларации на црвен канал 2024 | | | |
| Q1<br>95,2% | Q2<br>98% | Q3<br>97,7% | Q4<br>97,3% | Q1<br>4,4% | Q2<br>1,8% | Q3<br>2% | Q4<br>2,4% | Q1<br>0,4% | Q2<br>0,2% | Q3<br>0,2% | Q4<br>0,3% |
| Изразено во % извозни декларации на зелен канал 2023 | | | | Изразено во % извозни декларации на жолт канал 2023 | | | | Изразено во % извозни декларации на црвен канал 2023 | | | |
| Q1<br>97,2% | Q2<br>97,9% | Q3<br>97,4% | Q4<br>98% | Q1<br>1,9% | Q2<br>1,9% | Q3<br>2,4% | Q4<br>1,7% | Q1<br>1% | Q2<br>0,2% | Q3<br>0,3% | Q4<br>0,3% |

## *Дозволи издадени преку EXIM*

Во 2024 година **преку ЕХИМ надлежните институции имаат издадено вкупно 121.658 увозни, извозни и транзитни дозволи**, со просечно време на добивање на дозвола од 0,6 дена.

## *Број на товарни моторни возила*

Преку граничните премини на Република Северна Македонија во 2024 година поминале вкупно 1.430.419 товарни моторни возила (927.456 натоварени ТМВ и 502.963 празни ТМВ). Најголем дел од сообраќајот е остварен на граничните премини со Грција (вкупно 438.240 ТМВ – 260.519 натоварени и 177.721 празни) и Србија (вкупно 410.935 ТМВ – 333.431 натоварени и 77.504 празни).

**Број на товарни моторни возила преку граничните премини (јануари-декември 2024)**

| | Косово | | | Србија | | | Бугарија | | | | Грција | | | | Албанија | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на промет | Блаце | Јажинце | Вкупно | Табановце | Пелинце | Вкупно | Делчево | Деве Баир | Ново Село | Вкупно | Богородица | Меџитлија | Дојран | Вкупно | Ќафасан | Свети Наум | Стење | Блато | Вкупно | |
| Влез | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Полни | 26.259 | | 26.259 | 160.763 | | 160.763 | 7.610 | 60.746 | 13.613 | 81.969 | 124.339 | 35.586 | 48.302 | 208.227 | 36.105 | | | 116 | 36.221 | |
| Празни | 90.711 | 3.276 | 93.987 | 22.075 | 1.006 | 23.081 | 7.574 | 6.688 | 10.957 | 25.219 | 18.048 | 4.542 | 3.638 | 26.228 | 22.666 | 64 | 832 | 1915 | 25.477 | |
| Излез | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Полни | 100.851 | | 100.851 | 172.668 | | 172.668 | 6.630 | 21.604 | 17.046 | 45.280 | 31.852 | 4.586 | 15.854 | 52.292 | 41.680 | | 720 | 526 | 42.926 | |
| Празни | 13.542 | 3.183 | 16.725 | 49.007 | 5.416 | 54.423 | 11.986 | 33.743 | 17.074 | 62.803 | 94.319 | 36.609 | 20.565 | 151.493 | 22.510 | 48 | 120 | 849 | 23.527 | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Полни | 127.110 | | 127.110 | 333.431 | | 333.431 | 14.240 | 82.350 | 30.659 | 127.249 | 156.191 | 40.172 | 64.156 | 260.519 | 77.785 | | 720 | 642 | 79.147 | 927.456 |
| Празни | 104.253 | 6.459 | 110.712 | 71.082 | 6.422 | 77.504 | 19.560 | 40.431 | 28.031 | 88.022 | 112.367 | 41.151 | 24.203 | 177.721 | 45.176 | 112 | 952 | 2.764 | 49.004 | 502.963 |
| Вкупно ТМВ (празни и натоварени) преку премини на одредена земја | | | 237.822 | | | 410.935 | | | | 215.271 | | | | 438.240 | | | | | 128.151 | 1.430.419 |

## *Издадени одобренија за спроведување на царински постапки*

На крајот на 2024 година има вкупно активни:

- 458 одобренија за застапување во царински постапки (456 нови/2 суспендирани),
- 90 одобренија за царинско складирање (89 нови/1 суспендирано),
- 185 одобренија за увоз за облагородување (185 важечки/нема суспендирани),
- 397 одобренија за извоз за облагородување (нема суспендирани),
- 79 одобренија за поедноставени постапки, од кои 54 се одобренија за поедноставени постапки при увоз, а 25 се одобренија за поедноставени постапки при извоз (78 нови/1 суспендирано одобрение за поедноставени постапки при увоз)
- 151 одобренија за одложено плаќање
- 975 лиценци за лиценциран застапник (972 нови/3 суспендирани)
- 8 нови одобренија за поедноставување на постапката за докажување на потекло (статус на одобрен извозник) - вкупно активни се 152, укинати нема
- 199 одобрение за поедноставена транзитна постапка, од кои 7 се новоиздадени (3 укинати). Од нив 69 се одобренија за овластен примач (новоиздадени 4/2 укинати). Одобренија за овластен испраќач се 42 (новоиздадени 3/нема укинати). Одобренија за општа транзитна гаранција се 88 (нема новоиздадени/1укинато).

Вкупно активни акцизни одобренија на крајот на 2024 година:

- 59 акцизни дозволи (1 нова/4 укинати)
- 4 одобренија за мали независни пиварници (1 ново/ 2 укинати)
- 5 одобренија за мали дестилерии (1 ново/нема укинато)

- 201 одобренија за повластен корисник на акцизни добра (2 нови/6 укинати)
- 1 одобрение за акцизни обврзници на нафтен кокс (нема ново/ 1 укинато)
- 30 одобренија за земјоделци - мали производители на жестоки алкохолни пијалаци (2 нови/нема укинато)
- 104 одобренија за корисници на акцизни марки (6 нови/1 укинато)
- 50 одобренија за дистрибутери, трговци на големо и мало (6 нови/нема укинато)
- 266 одобренија за враќање на акциза (34 нови/нема укинато) и
- 17 трговци со обележано гориво (нема ново/нема укинато)

### *Дигитализирани процеси и услуги*

Број на регистрирани надворешни корисници (вкупно активни и нови по истек на четвртиот квартал 2024)

| Надворешни корисници регистрирани во период 01.01.2024 – 31.12.2024 | | |
|---|---|---|
| **Р. бр.** | Систем | Број на нови корисници |
| **1.** | СОЦДАД | 196 |
| **2.** | ЕКСИМ | 528 |
| **3.** | НКТС | 192 |
| **4.** | ПЕК | 5 |

Во насока на на автоматизација на процесите континуирано се работи на развој на нови системи за **интероперабилност со системите на ЕУ и системите од националниот владин домен:**

### Развиен и пуштен во употреба Новиот компјутеризиран транзитен систем – Фаза 5

Во текот на 2024 година Царинската управа интензивно работеше на развивање и пуштање во употреба на НКТС фаза 5, кој претставува нова верзија на НКТС Фаза 4. Имплементацијата на новите верзии на транзитниот систем е дел од усогласувањето со европското законодавство и европската Конвенција за заеднички транзит, како и редовно усогласување со европските системи (вклучително и обезбедување на предуслови за интеграциите со другите европски царински системи) со цел обезбедување на интерконекција и интероперабилност.

Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) претставува дигитален систем за управување со стока што се движи во транзит помеѓу земјите потписнички на Конвенцијата за заеднички транзит. НКТС им овозможува на царинските органи и транспортерите поднесување и обработка на транзитни декларации, истовремено обезедувајќи следење и контрола на транзитното движење во реално време.

Се вршеа тестирања за усогласеност и интерконекција на зададени сценарија од страна на DG TAXUD[1]. Целта на овие тестирања беше потврдување на потребните функционалности на системот, воспоставените интеграции со останатите царински системи и потврдување на комуникацијата со европските системи. Целиот процес на тестирање се спроведе по стандардите и процедурите на DG TAXUD чии надлежни тимови вршеа постојан мониторинг на целиот процес.

Во овој период беа спроведени обуки за обучувачи, за тестери, како и за економските оператори, со цел запознавање со функционалностите на новиот систем НКТС 5. Се подготвија и прирачници за користење на истиот.

По успешно финализирање на сите тестирања, Новиот транзитен систем НКТС – фаза 5 беше пуштен во продукција на 13 јануари 2025 година.

### Имплементација на националниот домен на системите за Задолжителна тарифна информација, Surveillance, Управување со царинската тарифа

Обезбедено е одржување и развој на Интегрирана тарифна околина со времетраење од 36 месеци. Со новиот договор предвидено е изработка на нови или измени и надградби на воспоставените интерфејси за комуникација (веб сервиси) со ЕКСИМ, СОЦДАД, НКТС 4 и НКТС 5, измена на ЗТИ модулот со цел електронско поднесување на Барање за издавање на ЗТИ според техничките барања на ЕУ и други адаптивни измени. Исто така предвидена е и изработка на интерфејс помеѓу ИТО и НКТС, а за потребите на интеграција со НКТС 5, што треба да овозможи комуникација и размена на податоци за настанати промени во тарифа.

Континуирано се следи безбедноста на системот и се преземаат активности за унапредување. Во наредниот период треба да се обезбедат консултантски услуги за развој на нова верзија/адаптација на модулите на ИТО системот за примена на Царинскиот закон, усогласен со законот на Европската Унија.

### Развој и имплементација на Нов Национален едношалтерски систем (National Single Window) – хардвер, софтвер

На почетокот на 2023 година, со потпишување на договор за консултантска поддршка, започна втората фаза од Проектот за воведување на Националниот едношалтерски систем (НЕС), што е финансиран со кредит од Светска банка, како дел од Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во земјите на Западен Балкан.

Во изминатиот период Работната група за имплементација на проектот, предводена од Царинската управа и поддржана од консултантскиот тим ја финализираше техничката спецификација за набавка на хардвер и изработка на софтверско решение за системот. Огласот за набавка на овој систем беше објавен во мај 2024 година. Согласно заклучоците од мисијата на Светската банка за напредокот на Проектот (одржана на почетокот на

[1] **European Commission's Directorate-General for Taxation and Customs Union**

септември 2024 година), тендерската постапка за дизајн, набавка и инсталација на Национален едношалтерски систем беше прекината на иницијатива на Министерството за транспорт, откако Царинската управа изрази загриженост во однос на нејзината успешна реализација, поради критичната временската рамка за имплементација, недоволно прецизната техничка спецификација за предметната набавка, како и недоволниот ангажман од страна на надлежните институции.

Оттука, Царинската управа започна активности за ревидирање на последната верзија на техничката спецификација за системот, што се очекува да биде подобрена во најбрз можен рок, во соработка со консултантскиот тим и останатите институции вклучени во процесот, со цел повторно објавување на огласот.

На 07.02.2024 се одржа настан за промоција на НЕС, на кој беше презентиран новиот систем, функционалностите и придобивките што истиот ќе ги донесе како за приватниот сектор, така и за државните институции во поглед на поедноставување на работните процеси и забрзување на прекуграничната трговија.

Во рамки на компонентата за законски, регулативни и процедурални промени, во соработка со консултантите беше подготвена нацрт-верзија на предлог-Законот за воспоставување на НЕС. Првата нацрт-верзија на предлог-законот беше финализирана во јуни. Во наредниот период истата ќе биде презентирана пред Управувачкиот комитет, по што ќе се иницира постапка за донесување на овој закон, со цел истиот да биде усвоен пред пуштање на системот во продукција.

### Развој на системи за регистрација и идентификација на економски оператор (EORI) и Еднообразно управување со корисници и дигитален потпис -UUM&DS (Проект: ИПА 3 – 2021)

Проектот „Развој на системи за регистрација и идентификување на економските оператори (EORI2) и еднообразно управување со корисниците и дигитален потпис (UUM&DS)“ ќе придонесе за имплементација на правото на ЕУ согласно Поглавје 29 - Царинска унија. Целта на проектот е усогласеност со барањата на ЕУ за воспоставување на систем за унифицирано управување со надворешни корисници (економски оператори, трговци) и нивен пристап до царинските системи, што овозможува унифицирана идентификација на економските оператори и други надворешни корисници, нивниот пристап до националните царински системи и пристап до царинските системи на ЕУ, вклучувајќи ги европските централизирани царински услуги, во согласност со безбедносните политики, законските одредби и оперативните одговорности, со цел да се олесни трговијата и деловните операции и да се доближи земјата до пазарот на ЕУ и до Царинската унија.

Системот за регистрација и идентификација на економските оператори 2 (EOS/EORI2) е единствен систем за регистрација и идентификација на економските оператори во царинските домени. UUM&DS е систем кој овозможува автентикација, авторизација и

услуга за дигитално потпишување, со што економските оператори од едно место ќе добијат пристап до царинските ИТ системи.

Покрај развојот и имплементацијата на самите системи, неопходно е да се развие и имплементира функционална интерконекција (интерфејси) со царинските системи кои се функционални во царинското опкружување на Царинската управа, како и со соодветните ИТ системи на владините институции во владиниот домеин.

Со овој проект ќе се воведе ЕОРИ број на национално ниво, а правниот основ ќе произлезе од новиот Царински закон усогласен со Царинскиот закон на Унијата (кој треба да биде усвоен до крајот на оваа година).

Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија и започна на 6 ноември, со предвидено времетраење на имплементацијата од 24 месеци. Вкупната вредност на Проектот е 2 милиони евра.

## *Достапност на системите од е-Царина во 2024 на централна локација*

| Систем | Вкупно работни часови | Број на прекини | | Прекини во часови | | Процент на прекини | Процент на достапност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СОЦДАД | 2.989 | 47 | | 23,73 | | 0,27 % | 99,73 % |
| НКТС | 2.989 | 36 | | 21,9 | | 0,25 % | 99,75 % |
| ИТО | 2.989 | 1 | | 0,2 | | 0,00 % | 100,00 % |
| ЕКСИМ | 2.989 | 4 | | 26,67 | | 0,30 % | 99,70 |

## *Поднесени пријави преку Сервисниот деск*

Во 2024 година постапено е по вкупно 7.683 пријави на Сервисниот деск, од кои 719 пријави за инциденти со хардверска опрема и мрежни проблеми и 6.964 пријави за софтверски и бизнис проблеми.

## *Осовременета ИКТ инфраструктура*

Во јануари 2024 година започна реализацијата на „Проектот за воспоставување на нов Систем за управување со ризик и царински податочен склад " (**The Establishment of Risk Management and Customs Data Warehouse System**). Проектот се реализира и финансира преку грант добиен од Владата на Република Кореја со кој ќе се воспостави централизирана база на еднозначни и квалитетни податоци како основа за квалитетен процес на одлучување и во крајна линија, подобрување на деловните процеси во Царинската управа за подобра заштита на домашниот пазар. Со проектот се предвидува изработка на нов софтвер за анализа на ризик и податочен склад на Царинската управа.

Во два наврати корејскиот проектен тим престојуваше во нашата служба, при што беа спроведени повеќе активности меѓу кои сеопфатна анализа на тековните ИТ системи, како

и на релевантната регулатива и прописи. Беше направен дизајн на системот, анализа на ИТ инфраструктурата за соодветна подготовка и инсталација на новата опрема.

Во рамки на Проектот во Сеул - Кореја е организиран семинар на високо ниво, а исто така вработени од Секторот за ИКТ реализираа студиска посета на која следеа обука потребна за имплементација и одржување на системот.

Системот за управување со ризици и податочно складирање ќе овозможи поефикасно управување со ризиците, односно насочување на контролите кон високоризичните пратки и патници и обезбедување на побрз проток на пратките и патниците со помал ризик. Во изминатиот период се работеше на дефинирање на функционалните побарувања на системот. Проектот започна во март 2024 година, со вредност од 4,9 милиони евра. Системот е предвидено е  да биде целосно функционален до крајот на 2025 година.

### *ИТ безбедност*

Царинската управа во насока на преземање активности за ИТ безбедност, спроведе пенетрациско тестирање како дел од договорот за спроведување на услуги за ревизија на ИТ безбедност. Тестирањето на главните царински системи беше реализирано во период од декември 2023 до март 2024 година.

Согласно резултатите од тестирањето преземени се активности за надминување на ранливостите и подобрување на информатичката безбедноста. Овие активности кои ќе се одвиваат до 2026 година се поддржани од US Treasury и Амбасадата на САД, а ги опфаќаат следните главни области:

- Изработка на стратегија/патоказ за сајбер безбедност  со акциски план,
- Поддршка во надминување на ранливостите со највисок ризик,
- Оптимизација на имплементираните сигурносни решенија,
- Обука на вработените.

Одржани се работилници за изработка на Патоказ за сајбер безбедност, План за надминување на ранливоста на ИКТ системите на Царинската управа и реконфигурација на имплементираните сигурносни решенија.

Во соработка со Владата во тек се активности за подигнување на нивото на безбедносната околина (надградба на домен и миграција на кориснички поштенски сандачиња), што е во согласност со Патоказот за сајбер безбедност на Царинската управа за санирање на ранливостите и модернизација на софтверот.

Сите активности се во насока на сертификација за ИСО 27001, што согласно Патоказот за сајбер безбедност е предвидено за 2026 година.

### *Подготовка за имплементација на ИСО 27001*

Царинската управа започна со активности за имплементација на ИСО 27001. Во тек е изработката на техничката спецификација која предвидува анализа на тековната состојба и

изработка на документација во согласност со барањата на стандардот за информациска безбедност ИСО 27001 и Законот за заштита на лични податоци.

Двете активности се комплементарни во насока на креирање на стабилна безбедносна архитектура.

## *Унапредување на бизнис опкружувањето и олеснети услови за тргување*

### *Деловно опкружување кое заштедува трошоци и време при тргување*

Царинската управа е посветена на унапредување на бизнис опкружувањето и олеснувањето на условите за тргување преку имплементација на проекти и активности планирани во рамки на ЦЕФТА[3], иницијативата Отворен Балкан, Заедничкиот регионален пазар на земјите од Западен Балкан или со билатерални договори.

Од четирите столба на Планот за раст, ЦЕФТА ќе биде фокусирана на двата преку кои се обезбедува подобра економска интеграција во рамките на Западен Балкан и интеграција со ЕУ. ЦЕФТА ќе игра суштинска улога во поврзување на регионот со Единствениот пазар на ЕУ, со посебно посветено внимание на слободно движење на стоката.

### *Акциски план за заеднички регионален пазар (ЗРП)*

На 14 октомври , во рамктие на Берлинскиот процес, од страна на претседателите на влади на Западен Балкан усвоен е Акцискиот план (АП) за заедничкиот регионален пазар за Западен Балкан за периодот 2025-2028. Планот е структуиран со активости и поставени резултати во рамки на 6 столба (области): 1. слободно движење на стоки; 2. слободно движење на услуги; 3. хоризонтални трговски мерки; 4. развој на човечки ресурси; 5. овомзожување на опкружување за деловно работење и конкурентност и 6. дигитална трансформација.

Во делот на царинското работење (област 1. слободно движење на стоки) се предвидува: продлабочување на соработката преку ажурирање на правилата за потекло во поглед на неодамнешниот договор за Паневропските медитерански правила на потекло, признавање на програмите на Овластените економски оператори (ОЕО) за останатите ЦЕФТА страни и воспоставување на мрежа на царински лаборатории. Се предвидува и поголемо користење на ИТ алатки за електронската размена на информации, понатамошно надоградување на постоечкиот ЦЕФТА ИТ систем SEED+, особено на CEFTA TRACES NT за трговија поврзана со живи животни и земјоделски производи.

Хоризонталните мерки од АП вклучуваат „мерки за олеснување на трговијата и намалување на контролите“, при што се предлагаат: понатамошно унапредување на Зелените ленти, во регионот и со држави членки на ЕУ за што се потреби инвестиции во инфраструктура, опрема, меѓуагенциски соработка; анализа на ризик; размена на информации пред пристигнувањето на стоката, развој на SEED+ ИТ системи за

[3] Централноевропскиот договор за слободна трговија (CEFTA)

проширување на функционалностите и електронска размена на податоци и документи помеѓу сите релевантни институции за движењето на стоките. Координатор (водечка организација) за најголем дел од регионалните активности е предвидено да биде ЦЕФТА, а организација поддржувач е Европската комисија.

АП предвидува со посредство на ЦЕФТА низа договори со кои се регулираат областите: признавање на царински контроли, список на земјоделско-прехранбени производи кои се исклучени од контроли на граничните премини.

Во врска со делот за слободно движење на услугите, а кои се од интерес за царинското работење, меѓу другото е предвидено подобрување на препознавањето на електронските потписи и други услуги.

1. Меѓусебно признавање на одобренијата за **Овластен економски оператор**

На 9 октомври 2024 година Заедничкиот комитет на ЦЕФТА ја усвои Одлуката бр. 8 за признавање на одобренијата ОЕО согласно валидацијата спроведена во страните на ЦЕФТА и тоа во Македонија, Молдавија, Србија и Албанија. Следни чекори се ратификација на Одлуката и нејзина операционализација од страна на страните на ЦЕФТА.

### *Проект за Рамка за Овластен економски оператор*

Во рамките на проектот Рамка за ОЕО, ЦЕФТА страните на национално ниво преземаат активности за подобрување на концептот за ОЕО преку проширување на поволностите за имателите на ОЕО и зголемување на соработката со другите државни органи. Планираните активности вклучуваат изнаоѓање на прифатливи решенија за давање поволности поврзани со предност при спроведување на контроли и помалку документарни и физички контроли.

За таа цел се формира работна група со претставници на Царинската управа, Агенцијата за храна и ветеринарство, Фитосанитарната управа, Државниот инспекторат за земјоделство и Државниот пазарен инспекторат, чија задача е да се проверат можностите за обезбедување на поволностите за имателите на ОЕО и намалување на времето на чекање на граничните премини.

### *Регионални активности за ОЕО*

Царинските ОЕО експерти се редовни учесници на разни проекти и активности поврзани со ОЕО програмата. Во рамките на ЦЕФТА изготвена е АЕО дата база во 2023 година, во која се внесени сите издадени одобренија со компонента за безбедност и сигурност. Базата е објавена на страницата на ЦЕФТА Секретаријатот на следниов линк:
https://transparency.cefta.int/AuthorizedEconomicOperator/IndexPublic

**Во нашата земја има 27 компании со статус на овластен економски оператор (заклучно со 31.12.2024 година). Две нови барања за стекнување на овој статус се во финална фаза на обработка.**

2. Проширена мрежа на **зелени коридори**, со достапност 24/7 и воведување на зелени коридори со ЕУ

Во март 2024 година во Загреб, на состанок на Управувачкиот комитет за зелени коридори што беше организиран од ЦЕФТА Секретаријатот и Транспортната заедница, беше дадена оценка за досегашната примена на зелените коридори, се разгледуваа можностите за подобрување и се дискутираше за Патоказот за „Унапредена примена на зелените коридори помеѓу ЕУ – ЦЕФТА/Западен Балкан. Зелените коридори се поддржани со електронска размена на податоци пред пристигнување на стоката на сите поголеми гранични премини помеѓу ЦЕФТА-ЕУ земјите преку СЕЕД[4] системот, а предвидено е и нивно инфраструктурно подобрување. Размената на податоци во рамки на СЕЕД ситемот помеѓу ЦЕФТА и ЕУ земјите во моментот е во една насока (меѓу кои и Македонија и Грција) и се очекува дека во многу скоро време ќе се воспостави правна рамка за да се овозможи спарување на податоци во две насоки.

Транспортната заедница изготви 11 пара проектни фишеа во кои се вклучени поголемите гранични премини помеѓу ЦЕФТА земјите и земјите членки на ЕУ, каде е неопходно да се изврши реконструкција и модернизација за воспоставување на функционална примена на зелените коридори. За Република Северна Македонија најважни идентификувани премини се Табановце-Прешево, Блаце-Хани Елизит, Деве Баир-Ѓуешево, Богородица-Евзони и Ќафасан-Кафтане.

Иницијативите за зелени коридори претставуваат механизам за транспорт и олеснување на трговијата во регионот и помеѓу регионот и ЕУ, посебно земајќи ја во предвид подобрената соработка помеѓу царинските органи, управувањето со ризик, концептот на Овластен економски оператор, усогласувањето на работното време, модернизирањето на инфраструктурата на граничните премини, примената на современа опрема и ИТ системи, што овозможува спроведување на постапките со помалку формалности и скратено време на чекање на граница.[5]

3. Воведување на **заеднички гранични контроли**

*Гранични премини со Србија*

Заедничката контрола со Србија на граничниот премин Табановце Автопат се одвива континуирано и без пречки. Со цел подобрување и забрзување на царинските процедури, во четвртиот квартал започнати се преговори за измена на Договорот со Србија, така што Договорот покрај измени во текстот, ќе има измени и во насловот на договорот и ќе гласи „Договор за заеднички контроли на заеднички граничен премин Табановце-Прешево. Измените во договорот ќе се однесуваат на измена на начинот на вршење на пасошка контрола со едно застанување на граничните премини Табановце и Прешево.

[4] Systematic Exchange of Electronic Data (SEED)

[5] CEFTA and Transport Community Take Green Lanes Forward, https://cefta.int/news/the-cefta-secretariat-and-the-transport-community-with-support-of-the-croatian-customs-administration-organised-the-green-lanes-steering-committee-meeting-gathering-the-representatives-from-all-cef/

Од Српска страна се очекува пуштање во употреба на новоизградениот терминал на Прешево, при што се очекува да се намали времето на чекање за завршување на царинските формалности при излез од Македонија и при влез во Србија за товарните моторни возила.

### *Гранични премини со Албанија*

Спроведувањето на Договорот за заеднички гранични премини со Албанија се применува на Г.П Ќафасан и истиот се одвива непречено, но за забрзување на протокот на граничниот премин потребно е подобрување на инфраструктурните услови. Ваквите инфраструктурни зафати се очекуваат да започнат на почетокот на вториот квартал во 2025 година од албанска страна и истите ќе бидат финансирани од страна на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан.

### *Гранични премини со Косово*

Договорот за заеднички гранични премини со Косово е во сила од 08.02.2024 година. Експертски комисии сочинети од претставници на Царината и Полицијата од двете земји подготвија нацрт протокол за примена на договорот во пракса. Во јуни 2024 година е одржан првиот состанок на Мешовитата комисија за примена на Договорот со Косово, на кој се разгледуваше текстот на Деловникот за работа на Мешовитата комисија предложен од косовска страна. Во четвртиот квартал усогласен е протоколот за примена на Договорот за заеднички контроли со Косово и истиот е потпишан на 18.11.2024. Договорено е примената на договорот за заедничките контроли да започне на ГП Блаце во февруари 2025 година.

## 4. Примена на Стратегијата за управување со ризици во рамки на ЦЕФТА

За имплементација на регионалните активности поврзани со ЦЕФТА Стратегијата за управување со ризици, особено во делот на соработка со агенциите кои имаат соодветна надлежност во увозните и транзитните постапки, беа реализирани низа активности на повеќе нивоа.

Одржани се неколку заеднички состаноци со преставници на агенциите надлежни за надзор на пазарот, на кои се договорени деталните параметри за одржување на заеднички пилот акции на царинските управи и агенциите надлежни за надзор на пазарот за контрола на електрични бокали (кетлери), УСБ полначи и ЛЕД сијалички. За таа цел во системите за управување со ризици на Царинската управа беа имплементирани соодветни профили на ризик. Контролата на наведените стоки беше заеднички вршена од страна на царинските службеници и инспекторите од пазарните агенции, при што секојдневно се следеа активностите (број на извршени контроли и утврдени неправилности, а во СЕЕД системот редовно се внесуваа податоците).

Започната е имплементацијата на новиот проект за одржување и надградба на СЕЕД системот (Систем за систематска електронска размена на податоци помеѓу ЦЕФТА страните). Главната цел на проектот е да се унапреди олеснувањето на трговијата и економската интеграција преку овозможување редовна и систематска размена на податоци помеѓу ЦЕФТА страните и ЕУ во областа на царината, фитосанитарната контрола и безбедноста на храната, ветеринарни

и фармацевтски производи, како и промовирање на безхартиена трговија и зајакнување на безбедноста и сигурноста на трговијата, без попречување на легалните трговските текови. Во рамки на овој проект, како надополнување на претходните активности за заеднички профили на ризик, планирани се активности за размена на информации од извршени контроли и брзи аларми, развој на концепт за проверка на докази за потекло, контрола на готовински средства, размена на податоци од мерење тежина на камионите и ажурирање на базите на податоци.

***Заедничка Стратегија за управување со ризици***

Со оглед на тоа што тековната Стратегија за управување со ризици беше направена за период 2020-2024, започнати се активности за подготовка на нова стратегија за периодот 2025-2028.

Подготовките за новата стратегија се одвиваат преку следните активности: собирање податоци од царинските администрации за нивните искуства со стратегијата 2020-2024 година, вклучувајќи успеси, предизвици и области за префинетост, обезбедување на усогласеност на целите на новата стратегија и со приоритетите за интеграција на ЦЕФТА и со целите на секоја администрација, поттикнување дијалог за тоа како да се интегрира Царината со другите агенции за покохезивен пристап кон управувањето со ризикот и дискутирање за напредокот во вештачката интелигенција, машинското учење и ИКТ инфраструктурата, нагласување на споделување податоци и предвидувачка анализа на ризик како алатки за подигнување на ефективноста на царинските операции низ ЦЕФТА.

Генерално, Стратегијата 2025-2028 ја позиционира ЦЕФТА да стане лидер во царинските иновации, карактеризирана со адаптивно управување со ризик, силни меѓународни партнерства и напредни технолошки решенија. За донесување на стратегијата, предложен е план согласно кој истата треба да се усвои во првиот квартал на 2025 година.

5. Воведување на **регионален пазар за е-трговија во рамки на ЦЕФТА**

*Пилот проект за електронска размена на податоци помеѓу царинскиот орган и поштенскиот оператор*

Воведување на регионален пазар за е-трговија со усвојување на најважни усогласени правила и принцип на внатрешен пазар, преку олеснување на царинењето на пратки и надминување на праксата на ограничен пристап (geo-blocking) е исто така дел од ЦЕФТА активностите. Царинската управа на РСМ реализира пилот проект за електронска размена на податоци помеѓу царинскиот орган и поштенскиот оператор, со поддршка на Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ). Целта на Проектот кој започна во јуни 2023 година е надградба на царинскиот систем СОЦДАД, со што ќе се овозможи прием и обработка на податоците од поштенскиот оператор пред пристигнување на пратките. За таа цел подготвен е Меморандум за разбирање со Македонска пошта за електронска размена на податоци. Со Проектот ќе се изврши надградба на Pre-Arrival делот на СОЦДАД наменет за пошта. Во завршна фаза е склучување на договор со избраниот изведувач на меѓународниот тендер објавен и реализиран од страна на ГИЗ.

На регионален план експертската група за е-трговија на ниво на ЦЕФТА, преку организаторот ГИЗ, имаше студиска посета од 15-17 мај 2024 во Будимпешта, со посета на Централната управа на Унгарската национална даночна и царинска администрација (NCTA) со цел пренесување на искуства во делот на имплементација на EU VAT E-commerce пакетот во Унгарија, постапките согласно Царинскиот закон на Унијата (UCC), овластен економски оператор во Унгарија, електронска размена на податоци (EAD) пред пристигнување на поштенските пратки. Во рамките на посетата се посети и Царинската испостава Аеродром и Поштенската служба на Унгарија.

Пилот активностите за разменување на електорнски напредни податоци - EAD се реализираат и во Србија и Црна Гора.

## *Заштита на општеството*

Со цел подобрување на капацитетите за борба против организиран криминал се преземаат активности во насока на: унапредено електронско евидентирање и размена на информации на национално и меѓународно ниво, модернизирање на опремата за вршење на гранични контроли, набавка на нови технички средства за видео надзор и за подобрување на мобилноста и капацитетите за брз одговор[6].

### Сузбивање на нелегална трговија и организиран криминал

#### *Координирани истражни и разузнавачки активности во рамки на електронски работни процеси*

##### Систем за управување со контролите и истрагите (CIMS)

Новиот интегриран информатички систем во Секторот за контрола и истраги треба да ги замени постоечките апликации кои покриваат одредени сегменти од работењето, да покрие процеси кои до сега не се опфатени со сегашните апликации, да обезбеди хармонизација и стандардизација на податоци, интеграција на процеси, следливост на предмети, подобрување на оперативните процедури.

Овој систем е дел од поширок Проект во кој се опфатени набавка на опрема за контрола и истраги, како и набавка на опрема за сервер сала заради зголемена безбедност во работењето. **Вредноста на овој проект-донација е 2 милиони евра, финансирани од ЕУ фондови.** Се очекува тендерот да биде објавен до крај на првиот квартал во 2025 година.

##### Воспоставување на сервиси за размена на податоци со други институции

[6] Програма за управување со јавни финансии 2022-2025

Преку **Платформата за интероперабилност** редовно се разменуваат информации со институциите со кои Царинска управа има потпишано договори за соработка и размена на податоци. Во април месец 2024 година се склучени Договор за соработка, како и Меморандум за соработка со  Основното јавно обвинителство Скопје.

Царинската управа со Бирото за јавна безбедност при МВР потпиша План за мерки и активности за поддршка од страна на Царинската управа на Полицијата во услови на прогласена кризна состојба предизвикана од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на државата.

Потпишани се исто така меморандуми и протоколи за соработка и размена на податоци со 12 комерцијални банки кои работат на територијата на нашата земја, што ќе овозможи побрзо и поефикасно добивање на податоци од банките за банкарските трансакции на физичките и правните лица. Техничкото поврзување со банките во најголем дел е завршено и се очекува да се финализира во првиот квартал на 2025 година.

### Финансиски истраги

Во септември 2024 година започна новиот проект „Систем за управување со записи во процесот на спроведување на законите во борбата против организираниот криминал во надлежност на институциите за спроведување на законот“ (LERMS), финансиран од ЕУ преку ИПА, кој ќе трае следните 24 месеци. Целта на проектот е воспоставување на ИТ алатка - Систем за управување со записи за спроведување на законот во агенциите за спроведување на законот во Република Северна Македонија, што ќе обезбеди следење на случаите за  спроведување на законот во сузбивање организиран криминал, корупција и тероризам, обезбедување аналитички функционалности и статистички извештаи. Во проектот учествуваат Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Агенцијата за управување со одземен имот и Царинската управа. Континуирано се одржуваат состаноци со Работната група.

Претставници на Царинската управа учествуваа во подготовка на новата национална **Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот од 2024 – 2028 година**, што се  изработува со помош на Германското друштво за меѓународна соработка. Изготвена е драфт верзија и истата е пред усвојување од страна на Владата.

Во тек е изработка на нова **Стратегија за борба против перење пари и финансирање тероризам (2025-2028),** во организација на Управата за финансиско разузнавање, со техничка и административна помош на Канцеларијата на Советот на Европа. За таа цел е ангажиран експерт и е формирана работна група во која активно учество имаат и претставници од Службата за финансиски истраги. Се очекува драфт верзијата на Стратегијата да се изготви до крајот на првиот квартал од 2025 година.

**Во  2024 година Службата за финансиски истраги спроведе 5 финансиски истражувања, против пет физички лица и две правни лица. Во наведениот период од страна на Службата**

**за финансиски истраги до ОЈО Скопје се поднесени две Иницијативи за обезбедување на имот кој потекнува од кривично дело, во вредност од 4.267.660,00 денари.**

Службата за финансиски истраги партиципира и во работата на Институционалната мрежа за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија (АФКОС мрежа).

Вработени од Службата за финансиски истраги зедоа учество во:

- Тродневна обука за водење на финансиски истраги во организација на СЕП Словенија, одржана од 15-ти до 17-ти мај;
- Состанок на Работната група за имплементација на софтверот за поврзување со комерцијалните банки во Управата за финансиско разузнавање и Народната банка, реализиран во април 2024 година;
- Петдневна обука на тема „Финансиски истраги поврзани со корупција“ во организација на „ICITAP“ при Амбасадата на САД во РСМ (учество на двајца инспектори, во месец септември 2024 година);
- Конференција на ИЛЕА Алумни под покровителство на „INL“ секцијата на Амбасадата на САД во РСМ, како и на настанот за глобалната програма за борба против незаконските финансиски текови „Од наследство до хоризонт: Славење на напредокот и идните визии“ (во септември), под покровителство на ГИЗ проектот;
- 21-ви Состанок на работна група за борба против измама и криумчарење (во ноември, во СЕЛЕК Букурешт);
- Студиска посета на Центарот за царинска и полициска соработка во Андај - Франција, во врска со примена на алатките SIENA и OSA (ноември);
- Работилница на тема „Изработка на проценка на закана“, поддржана во рамките на ИПА Проектот EU4FAST - „ЕУ поддршка за зајакнување на борбата против криумчарење мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан“ (25-26 ноември 2024 година, во Скопје),
- Регионалната конференција за иновативни пристапи во борбата против сивата економија организирана од АМСНАМ групација (декември).

Управата за финансиско разузнавање во соработка со Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје одржа состаноци на работната група во која партиципираат и вработени од Одделение за истраги (на 2 и 24 декември.2024 година), во рамките на „Проектот за борба против економски криминал“ во кој се започнати активности за изготвување на проценка на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам, поврзани со виртуелни односно крипто-средства во Република Северна Македонија.

На иницијатива на Управата за финансиско разузнавање интензивно се преземаа активности за ажурирање на спроведената „Национална проценка на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам“ (во понатамошниот текст: НРА), што се врши според методологијата од Светска Банка, од страна на членовите на Работната група за спроведување на НРА во која партиципираат и вработени од Службата за финансиски истраги.

За цели на подготвување на Извештај за НРА Управата, со поддршка на Советот на Европа, во рамки на Проектот за борба против економски криминал беше организирана 3-дневна работилница, во периодот од 5-7 јуни 2024 година, на која зедоа учество вработени од Службата за финансиски истраги. Целта на оваа работилница беше анализа на обезбедените информации и подготвување на нацрт Извештај за НРА во кој се идентификуваат ризиците од перење пари, финансирање на тероризам и финансирање на пролиферација на оружје. Извештајот за НРА е разгледан и усвоен од страна на Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам и истиот е доставен за усвојување од страна на Владата на РСМ.

Во врска со препораките на **Moneyval**[7] **Комитетот**, Царинската управа иницираше измена и дополнување на Законот за девизно работење (прифатено од Министерството за финансии и во фаза на разгледување во работните тела на Собранието).

## Гранична меѓуагенциска единица

**Граничната меѓуагенциска единица (Border Interagency Unit),** формирана со поддршка на UNODC[8] и во соработка со Светската царинска организација и Интерпол, работи според стандарди и принципи на селективност на патници, багаж и карго на аеродромите во нашата земја, со цел сузбивање на криумчарење на дрога, тероризам, нелегална миграција и останати облици на организиран криминал.

При Финалната оценувачка мисија на високи претставници на UNODC (спроведена од 20 – 22 февруари 2024 година), беше потврдено дека ГМЕ во целост ги има исполнето задачите и активностите во спроведувањето на проектот и истата е во потполна оперативна функција.

По финализирањето на активностите од првата фаза од проектот (2020 – 2023 година), беа спроведени подготовките за втората фаза која започна на 1 април 2024 година. Оваа фаза го опфаќа и Меѓународниот Аеродром Охрид, а предвидено е да трае до 31.12.2027 година.

ГМЕ ги следи активностите на Аеродромот Охрид преку анализа на податоците за патниците, а исто така според претходни зададени критериуми врши анализа и селекција на потенцијални патници прекршители на закон.

Со отпочнување на втората фаза од проектот, се заокружува и зголемува бројот на земји учеснички во проектот во регионот на Југоисточна Европа каде покрај досегашните три земји Македонија, Србија и Босна и Херцеговина, се приклучуваат и Црна Гора, Албанија и Косово.

Во втората фаза ќе се опфатат меѓународните аеродроми Скопје и Охрид, Белград и Ниш, Сараево, Подгорица и Тиват, Тирана и Кукс, како и аеродромот во Приштина.

Службениците од Граничната меѓуагенциска единица зедоа учество во:

- Обуки на тема детекција на однесување на патници на аеродроми (трета фаза од обука за стратешка трговија и контрола на извоз);

---

7 Комитетот на експерти за евалуација на мерките за спречување на перење пари и финансирање тероризам (тело на Советот на Европа)

8 Канцеларија на Обединетите Нации за борба против дрога и криминал - UNODC

- Регионален состанок на координаторите на ГМЕ од регионот (27 – 29 март 2024, во Сараево), на кој беше презентиран и годишниот глобален извештај од проектот;
- Сесија (18 – 22 март) на маргините на Комисијата за наркотични droги (CND - Commission on Narcotic Drugs) што се одржа во Виена, каде беше презентиран моделот на ГМЕ како успешен модел во спроведување на идејата за заеднички контролни единици на аеродромите;
- Обработка на податоци за резервации на авио билети ПНР (Passanger Name Record-PNR)
  Според измените на Законот за гранична контрола од 1 март 2024 година авио операторите имаат обврска да ги доставуваат овие податоци.
- Продлабочена е соработка со МВР-Одделот за анализа на податоци за патници-Предвремена информација за патник (Advanced Passenger Information – API) и Запис за имиња на патници (Passanger Name Record-PNR). Во обработката на овие податоци учествува и Граничната меѓуагенциска единица.

При спроведување на своите работни задачи службениците од Граничната меѓуагенциска единица беа ангажирани во:

- Споделување на информации со сродни единици каде се вршени контроли на патници на одредишните аеродроми (од контролите произлегоа успешни акции за спречување на криумчарење – позабележителни случаи на заплена на тутун и тутунски производи на Аеродромот Лутон-Лондон и Меѓународниот Аеродром Мајами-САД), на Аеродромот во Белград, како и на Аеродромот во Приштина;
- Дополнителни проверки во странство за потребите на другите служби во ЦУ, во рамките на програмата за комуникација на аеродроми AIRCOP, при што се добиени квалитетни повратни информации (случајот со заплената на 192 кг. анаболични стероиди);
- Учество во заедничката реализација на случај на криумчарење опојна дрога кокаин (1.7 кг.) на Аеродромот во Скопје;
- Учество во реализација на случај на обид за внесување 416 кг. анаболици, стероиди и вијагра на Аеродромот во Скопје.

### Координирани акции за сузбивање на сива економија

Во период од 15-18.03.2024 година, во заедничка координирана акција со Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичка полиција, Сектор за економски криминал и корупција, Одделението за оперативни работи и Одделението за истраги при Царинската управа, беше извршена контрола на возила со странски регистарски таблички на повеќе локации низ државата и привремено беа задржани 22 патнички моторни возила со вредност од 15.874.887,00 денари.

Во периодот од 24.09.2024 до 06.10.2024 година е спроведена операцијата **PGS SECURE HORIZON** организирана од Светската царинска организација (WCO), во соработка со Интерпол и Еуропол, со цел спречување на криумчарење и нелегална трговија на прекурзори, разни хемикалии, ацетон, амониум нитрат, нитрометан, дронови, детонатори и други стоки

што се користат за изработка на импровизирани експлозивни направи. Контролата се однесуваше на стоки од конкретни тарифни броеви, таргетирани од страна на Светската царинска организација. На национално ниво истата беше организирана од страна на Царинската управа во соработка со Министерството за внатрешни работи.

Постапувајќи по наредба од јавен обвинител и судија, на 13 декември 2024 година, во координирана акција на инспекторите од Одделението за истраги при Царинската управа, извршени се контроли на домови, помошни простории и градски пазари во Битола и Ресен, при што е остварена заплена на 780 килограми режан тутун, чија вредност е проценета на 3,4 милиони денари.

## Учество во заеднички активности на царинските истражни служби

### *Состаноци*

- Состанок во организација на EUROPOL и во координација со IPC3 AP Copy – EUROPOL, во врска со спроведената меѓународна операција OP SHIELD IV за фалсификувани лекови и почетен состанок за OP SHIELD V „Фалсификување, пиратерија и трговија со хормонални супстанци“ (7-8 март 2024 година, во Атина-Грција)
- Состанок во организација на Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал (UNODC), Глобална програма за огнено оружје (GFP) во рамките на проект Јустиција „Примена на специјални истражни мерки (SIMs) за кривични дела поврзани со огнено оружје: Заеднички операции и меѓународна соработка“ (18 април 2024 година, во Приштина-Косово)
- 20–ти регионален состанок на мрежата на експерти за огнено оружје на земјите од Југоисточна Европа (South East Europe Firearms Experts Network - SEEFEN), одржан на 14-15 мај 2024 година во Тирана-Албанија, во рамки на определбите за понатамошно продлабочување на регионалната соработка во борбата со нелегалното поседување и трговија со огнено оружје во Југоисточна Европа
- Состанок со италијанските карабинери (одржан on-line на 16.05.2024 година), на тема „Зајакнување на институционалните капацитети во справувањето со кривични дела против културното наследство и животната средина“
- Работна средба со делегација на UNDP SEASAC (од 14-ти до 18-ти октомври, во простории на Царинската управа), остварена за јакнење на капацитетите на Царинска управа за борба против недозволена акумулација и трговија со мало и лесно оружје и муниција
- 21-от Состанок на мрежата на експерти за мало и средно оружје (SEEFEN), одржан од 18-21 ноември 2024 во Сараево - Босна и Херцеговина

### *Работилници*

- Дводневна работилница за воспоставување на Стандардна оперативна процедура за собирање податоци и известување за потребите на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот (4-5 март 2024 година) - беа дадени предлози и сугестии во однос на формата, содржината и начинот на известување на Комитетот, со цел изработување на годишниот извештај
- Работилницата за подготовка на Акциски план за спроведување на Националната стратегија за дроги во периодот 2024-2025 година (12-15 февруари 2024 година)- ревидирани сегашните и предложени нови активности за реализација во период 2024-2025 година
- Работилница на тема „Борба против недозволена трговија со културно наследство во Западен Балкан", одржана во период 08.07-12.07.2024 година во Скопје, во организација на UNESCO и во соработка со Регионалното биро за наука и култура и Министерството за култура
- Состанок со италијанските карабинери (19.12.2024) во просториите на Царинската управа, на тема Заштита на културното наследство во рамки на проектот на Европската унија „Зајакнување на институционалните капацитети за справување со кривични дела против културното наследство и животната средина
- Состанок организиран од Државниот Инспекторат за животна средина (19.12.2024, во Скопје), во рамки на проектот „Иницијатива за Национален стручен извештај од Европската мрежа на инспекторатите за животна средина IMPEL", како подготовка за проектните активности планирани за 2025 година, за формирање на официјална работна група за безбедност во животната средина согласно водичот на ИНТЕРПОЛ, NEST (National Environmental Security Task Force)
- Состанок на тема "Евалуација и дебрифинг за операцијата DEMETER X", одржан во период 19-21.11.2024 година во Ксиамен - Кина, организиран од Светската царинска организација и во соработка со Царината на Кина, со цел да се консолидираат партнерствата, да се олесни размената на знаења и искуства и да се зајакнат капацитетите на царинските управи за борба против еколошкиот криминал

*Конференции, конгреси и симпозиуми*

- 52-ра Конференција организирана од страна на Баварската државна криминалистичка полиција, Дивизија 61 – наркотици Минхен и претставници од ДЕА, на тема борба против недозволена трговија со дрога во Европа

  Фокусот беше ставен на новиот донесен закон за канабис во Германија и заканите од страна на високо организирани криминални групи во Европа, како и нови достигнувања во истрагите.
- Годишен симпозиум на Светската Антидопинг Агенција (WADA), по повод 25-годишнината од формирањето на Агенцијата, под покровителство на Интерпол и Европол (одржан во Лозана, Швајцарија, во период 11.03.-13.03.2024)

Беа презентирани дел од постигнатите резултати од страна на глобалната антидопинг заедница и беа разгледани можностите за зајакнување на глобалниот антидопинг систем и соработката на засегнатите страни.

- Симпозиум на тема „Отстранување на фалсификатите од електронската трговија" (одржан on-line на 11.06.2024 година), во организација на Светската царинска организација
- Пред-оперативен состанок за операцијата DEMETER X, спроведена во период 15.07.-15.09.2024 година (одржан on-line во период 18.06.-20.06.2024 година)
- Светски конгрес за безбедност на граници (СКБГ), организиран од Британската служба за јавни приходи и царина (HMRC) и одржан во Истанбул - Турција во период 24.04.-26.04.2024 година, на теми од разни области поврзани со безбедноста на границите (копнени, водени и воздушни)

  На конгресот беа одржани повеќе пленарни сесии на теми тероризам и контратероризам, менаџирање на миграцијата заради спречување на организираниот криминал за криумчарење мигранти, справување со сериозниот организиран криминал и криумчарењето и граници на иднината. Имаше и затворени работилници на теми поврзани со меѓу-агенциска соработка и размена на информации, најнови и последни начини на делување (modus operandi), спротивставување на тероризмот и надгледување на лица сомнителни за терористички активности.
- Конференција на тема „Борба против трговијата со дрога", одржана на 29 и 30 октомври 2024 година во Софија, во организација на Министерството за внатрешни работи на Република Бугарија и СЕЛЕК

### Проверка на документи во рамки на взаемна административна помош по царински прашања

Одделението за истраги во 2024 година има испратено вкупно 374 барања до странските царински органи за верификација на докази за потекло издадени од нивна страна. Добиени се вкупно 184 одговор од кои 48 (23%) се негативни, а 34 (18%) се одговори за лажни докази за потекло, по кои се изготвени решенија за дополнително евидентирање на царински долг во вкупен износ од 7.490.573,00 денари.

Во врска со дополнителна верификација на докази за потекло издадени од македонски царински органи, што се врши по испратени барања од странски царински органи, во 2024 година во Одделението за истраги се пристигнати вкупно 65 барања. За 48 се испратени одговори до странските царински органи за резултатот од извршената проверка.

Врз основа на административна соработка со странски царински служби, во 2024 година Одделението за истраги прими 10 барања за административна помош, по кои изврши дополнителна проверка на документи приложени кон извозни и транзитни декларации и врз основа на истите не се констатирани неправилности.

Одделението за истраги врши дополнителна проверка на вредност во фактури приложени при увоз во нашата земја, за што кон странските царински органи се испратени вкупно 64 барања. Добиени се 36 одговори, од кои само за еден предмет не соодветствува вредноста на фактурата приложена при увозно царинење кај царинските органи.

### Контрола на трговски друштва

Во 2024 година се спроведени вкупно 195 контроли и тоа:

- 103 контроли на трговски друштва, со 44 наоди за неправилности. Утврдени се избегнати давачки во вкупен износ од околу 35,17 милиони денари.
- 53 контроли на корисници на ТНГ како погонско гориво или корисници на обележени минерални масла. Произлегоа 17 наоди за утврдени неправилности.
- 26 одобренија на иматели на акцизни дозволи, одобренија и на трговци на големо и мало со минерални масла, со 19 наоди за неправилности. Утврдени се избегнати давачки во вкупен износ од околу 0,10 милиони денари. .
- 13 комбинирани контроли (надворешна и царинска контрола), со 2 наоди за неправилности. Утврдени се избегнати давачки во вкупен износ од околу 1,11 милиони денари.

Споредено со 2023 година кога беа спроведени вкупно 248 контроли на трговски друштва, при што беа утврдени избегнати давачки во вкупен износ од околу 30 милиони денари, има намалување на бројот на контролите за 27,18 % и зголемен износ на утврдени избегнати давачки од 21,20 %.

### Контрола на иматели на одобренија за поедноставени царински постапки

Службите за надзор на иматели на одобренија (на ниво на секоја царинарница) вршат проверка на исполнувањето на пропишаните услови за поседување на одобренија за поедноставени постапки еднаш на 2 години. Во 2024 година спроведени се вкупно 24 **документарни контроли:**

- СНИО-Скопје - 1 документарна контрола на иматели на одобренија за поедноставени царински постапки без констатирани отстапувања и непридржување;
- СНИО Штип - 14 документарни контроли на иматели на одобренија за поедноставени царински постапки без констатирани отстапувања и непридржување;
- СНИО Гевгелија - 9 документарни контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки без констатирани отстапувања и непридржување.

Според процедурата за вршење на теренски контроли на иматели на одобренија **СНИО службите спроведоа вкупно 279 теренски контроли на иматели на одобренија** (**СНИО Штип – 95 теренски контроли** на одобренија за постапки со економски ефект и иматели на одобренија за ППЧ, **СНИО Битола – 38 теренски контроли** на одобренија за постапки со економски ефект, **СНИО Куманово – 15 теренски контроли** на иматели на одобренија со

економски ефект увоз за облагородување и царинско складирање, **СНИО Гевгелија** - 24 теренски контроли на иматели на одобренија за постапки со економски ефект, **СНИО Скопје** – 107 теренски контроли на одобренија за постапки со економски ефект и иматели на одобренија за ППЧ).

Теренски контроли на иматели на одобренија за поедноставени постапки-извршени од Служби за надзор на иматели на одобренија за период јануари-декември 2024 година

| СНИО | Број на извршени теренски контроли | | | Вид на одобренија за поедноставени постапки за кои е извршена теренска контрола (УО, ИО, ЦС, ППЧ, ПП, ПТТ) | Број на случаи во кои се констатирани нерегуларности | Дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг/акциза | | Враќање на повеќе пресметан царински долг/акциза | | Број на случаи на иницирана дополнителна проверка и верификација на веродостојноста на документи | Број на случаи на иницирана прекршочна постапка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Иницијални контроли | Вонредни контроли | Плански контроли | | | Број на случаи | Износ (ден) | Број на случаи | Износ (ден) | | |
| Снио Скопје | 81 | 3 | **104** | УО,ИО,ЦС, ППЧ,ПТТ | **39** | **4** | **439.913,00** | / | / | / | **39** |
| СНИО Куманово | 6 | 1 | **14** | УО,ЦС,ПТТ, ППЧ | **/** | / | / | / | / | / | **/** |
| СНИО Штип | 4 | 3 | **92** | УО, ИО, ЦС, ППЧ, ПТТ | **/** | / | / | / | / | / | **/** |
| СНИО Битола | 1 | / | **38** | УО,ИО и ЦС | **16** | **92** | **16.863.807,50** | / | / | / | **/** |
| СНИО Гевгелија | 13 | / | **24** | УО,ЦС,ПТТ | **20** | **3** | **4.695.165,00** | / | / | / | **18** |
| **Вкупно:** | **105** | **7** | **272** | | **75** | **99** | **21.998.885,50** | | | | **57** |

УО-Увоз за облагородување, ИО-Извоз за облагородување, ЦС-Царинско складирање, ППЧ-Привремено чување, ПП-поедноставени постапки, ПТТ-Повластен тарифен третман крајна употреба, СНИО-Служба за надзор на иматели на одобренија

| Контроли на декларации во поедноставени постапки што се извршени од царинските испостави | Број на извршени контроли | Број на утврдени неправилности |
|---|---|---|
| **Царинарница Битола-вкупно** | 380 | 8 |
| Царинска испостава Битола | 67 | / |
| Царинска испостава Прилеп | 125 | / |
| Царинска испостава Охрид | 75 | 1 |
| Царинска испостава Струга | 113 | 7 |
| **Царинарница Штип-вкупно** | 277 | |
| Царинска испостава Велес | 22 | / |
| Царинска испостава Штип | 249 | / |
| Царинска испостава Делчево | 6 | / |
| **Царинарница Гевгелија-вкупно** | 132 | |

| | | |
|---|---|---|
| Царинска испостава Струмица | 16 | / |
| Царинска испостава Гевгелија | 19 | / |
| Царинска испостава Кавадарци | 97 | / |
| **Царинарница Скопје-вкупно** | **1.864** | **5** |
| Царинска испостава Скопје 1 | 398 | 1 |
| Царинска испостава Скопје 2 | 1.035 | / |
| Царинска испостава Скопје 3 | 40 | / |
| Царинска испостава Скопје 4 | 14 | 3 |
| Царинска испостава Аеродром | 101 | / |
| Царинска испостава Тетово | 13 | 1 |
| Царинска испостава Слободна зона | 263 | / |
| **Царинарница Куманово-вкупно** | **167** | |
| Царинска испостава Табановце-Автопат | 167 | / |
| Царинска испостава Куманово | | / |
| **Вкупно (сите царинарници)** | **2.820** | **13** |

## Документарна и физичка контрола при царинење

Во 2024 година, контрола при извоз и увоз била спроведена на 23.9% од царинските **декларации.** Со извршената контрола **неправилности се утврдени кај 21.9% од контролираните царински декларации** и тоа:

- документарна контрола при извоз и увоз била спроведена на 10.45% од царинските декларации. Со извршената контрола неправилности се утврдени кај 1.46% од контролираните царински декларации.
- физичка контрола при извоз и увоз била спроведена на 13.46% од царинските декларации. Со извршената контрола неправилности се утврдени кај 37.8% од контролираните царински декларации.

## Извршени контроли во патнички промет

Во 2024 година извршени се вкупно **44.832 контроли во патнички промет.**
На контрола се подлегнати вкупно 8.353 патници, 23.256 патнички возила, 1.840 автобуси, 11.129 камиони, 82 авиони, 172 возови.

Во 2024 година од вкупно спроведените 44.832 контроли, **утврдени се неправилности во 1.102 случаи** (2,46% од вкупно спроведените контроли). Споредбено со контролите во 2023 година, вкупниот број на утврдени неправилности е зголемен за 33,6%.

| Вид на утврдени неправилности од извршени контроли во патнички промет во период јануари-декември 2024 (споредбено со 2023) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | ВКУПНО |

| | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Записници за девизни прекршоци** | 6 | 7 | / | / | 6 | 10 | 9 | 6 | 21 | 23 |
| **Записници за царински прекршоци** | 42 | 61 | 43 | 20 | 50 | 77 | 59 | 166 | 194 | 324 |
| **Кривични пријави** | 7 | 7 | 3 | 4 | 7 | 6 | 9 | 16 | 26 | 33 |
| **Записници за повреда на права од интелектуална сопственост** | 3 | 2 | / | / | 3 | 21 | 1 | 23 | 7 | 46 |
| **Мандатни казни** | 232 | 174 | 112 | 113 | 164 | 226 | 69 | 163 | 577 | 676 |
| **Изјава за откажување во корист на државата** | / | / | 1 | / | / | / | / | / | 1 | / |

**Во 2024 година се забележани вкупно 410 случаи на заплена на разна стока.**
Во претходната 2023 година се регистрирани вкупно 252 случаи на заплена на разна стока.

| Поголеми реализирани случаи на заплена | јануари –декември 2024 | |
|---|---|---|
| Стока | Вкупно случаи | Вкупна количина |
| Дрога и психотропни супстанци - Марихуана (39.435 гр.), МДМА (30 гр.), Кокаин (1.795 гр.) | 5 | 41.260 |
| Фалсификати (повреда на права на интелектуална сопственост, во парчиња) | 45 | 66.337 |
| Цигари (299.040 парчиња), пури (100 парчиња), електронски цигари и патрони (1.355 парчиња) | 54 | 300.495 |
| Други тутунски добра – тутун (1.354,9 кг), СНУС (1,1 кг) | 11 | 1.356 |
| Алкохол (литри) | 4 | 142,5 |
| Девизи | 25 | 173.125 ЕУР<br>185.000 НОК<br>24.800 УСД<br>4.000 ШФ |
| Злато (кг) | 11 | 6,693 кг<br>30 парче |
| Лекови (парчиња) | 9 | 13.306 парче<br>1.695 кг |
| Суплементи (парчиња) | 9 | 4.399 парче<br>10.604 кг |
| Мигранти | 12 | 66 |

## Позначајни заплени

- Заплена на 22 патнички моторни возила со странски регистарски таблици управувани од македонски државјани, во заедничка акција на Секторот за контрола и истраги при Царинска управа и Министерството за внатрешни работи.

Запленетите возила се од различни марки, а меѓу нив, четири ПМВ се марка МЕРЦЕДЕС, три ПМВ се марка АУДИ, две ПМВ се марка БМВ, едно патничко товарно возило е марка ТЕСЛА и др., а сите возила биле управувани од македонски државјани на територија на Република Северна Македонија повеќе од 6 месеци, односно спротивно на одредбите за привремен увоз, уредени со одредбите од Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

- Заплена на 4,4 тони месо од дивеч ризичен по здравјето на граѓаните, кое возач на камион сакал да го внесе во државава. Месото од дивеч не било декларирано во царинската декларација, ниту пак превозникот за него имал соодветен сертификат и дозвола од соодветна надлежна институција - Агенција за храна и ветеринарство. Месото е откриено на терминалот на граничниот премин Табановце од страна на инспектори кои со скенер извршиле контрола и пронашле замрзнато месо од разен дивеч, зајаци, фазани, еребици, за кои возачот не поседувал никаква документација.
- Заплена на 1.500 килограми СИДЕНАФИЛ ЦИТРАТ и СИБУТРАМИН, медикаменти штетни по здравјето на граѓаните, чиј влез бил спречен на Меѓународниот Аеродром Скопје. Лековите не се регистрирани во Агенцијата за лекови, а фирмата увозник немала дозвола за промет на големо со медицински средства.
- Заплена на 195 килограми анаболички стероиди, откриени при извршена детална контрола на транзитна пратка со фармацевтски производи, од Сингапур, за увозник од Чешка. Утврдено е дека се работи за супстанци кои се наоѓаат на Антидопинг листата на забранети супстанци.
- Заплена на 780 килограми режан тутун, пронајдени при извршени контроли на домови, помошни простории и градски пазари во Битола и Ресен, врз основа на претходно спроведени разузнавачки активности од страна на Одделението за разузнавање и доставена информација до Одделението за истраги, кое успешно ја изведе акцијата. Вредноста на запленетиот тутун е проценета на 3,4 милиони денари, а директната штета по Буџетот изнесува 2,8 милиони денари.
- Заплена на 36.461,8 грама марихуана-опојна дрога која се добива со сушење, дробење или ситнење на врвни делови-вршунки и лисја од растението Cannabis, на граничен премин Блаце, кај македонски државјанин.
- На 09.11.2024 година, по барање на МВР-СНТД инспектор водич на царински пес во ЦИ Аеродром изврши детален преглед на патнички торби со царински пес, при што беа детектирани 1.795 грама кокаин.
- На 12.11.2024 година, по барање на МВР-СНТД инспектор водич на царински пес на улица „Спиро Гулапчев" во Скопје изврши детален преглед на паркирано патничко моторно возило – комбе со царински пес. Беа детектирани 22 килограми марихуана.
- Заплена на 36,4 килограми марихуана на ЦИ Блаце.

### Спречување на недозволен влез/излез на илегални мигранти

Во 2024 година откриени се 66 илегални мигранти: на влез во земјата 31, на излез 27 и во внатрешноста на државата 8 (во вкупно 12 случаи).

## Поднесени кривични пријави

Во 2024 година поднесени се вкупно **89 кривични пријави**, **против 46 правни лица и 122 физички лица**, за:

- Фалсификување исправа (чл. 378 од КЗ) - 39 кривични пријави против 24 правни и 40 физички лица;
- Криумчарење (чл. 278 од КЗ) - 21 кривични пријави, против 23 физички лица и 1 правно лице;
- Царинска измама (чл. 278-а од КЗ) - 6 кривични пријави, против 5 правни и 6 физички лица;
- Избегнување на плаќање на акциза (чл. 279-б од КЗ) - 7 кривични пријави, против 1 правно и 7 физички лица;
- Заштита на права од интелектуална сопственост (чл. 285 од КЗ) - 2 кривични пријави, против 2 правни и 2 физички лица;
- Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи (чл. 396 од КЗ) - 3 кривични пријави против 4 физички лица;
- Неовластено производство и промет со наркотици (чл. 215 од КЗ) - 2 кривични пријави против 2 физички лица;
- Промет со стоки за кои знаел дека се предмет на кривично дело (чл. 278-б од КЗ) - 1 кривична пријава, против 1 физичко лице;
- Промет со стоки од поголема вредност кои се забранети или ограничени (чл. 277 од КЗ) - 4 кривични пријави, против 3 правни и 4 физички лица;
- Злоупотреба на службена положба и овластување (чл. 353 од КЗ) - 4 кривични пријави, против 10 правни и 33 физички лица;

Во претходната 2023 година беа поднесени 52 кривични пријави, против 60 физички и 16 правни лица.

## Поведени прекршочни постапки (Царинарници)

***Изготвени записници по царински прекршоци и наплатени прекршочни платни налози-по царинарници (за период јануари-декември 2024)***

| Изготвени записници по царински прекршоци | Број на записници по царински прекршок | Износ на изречени прекршочни платни налози за физички лица (во евра) | Број на физички лица | Износ на изречени прекршочни платни налози за правни лица (во евра) | Број на правни лица | Износ на изречени прекршочни платни налози за одговорни лица (во евра) | Број на одговорни лица | Вкупен износ на изречени прекршочни платни налози (во евра) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Царинарница Скопје** | 946 | 9.216,00 | 409 | 53.705,00 | 223 | 17.929,00 | 223 | 80.850,00 |
| **Царинарница Битола** | 238 | 4.831,50 | 195 | 14.250,00 | 43 | 3.591,00 | 43 | 22.672,50 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Царинарница Штип** | 787 | 38.435,00 | 348 | 36.000,00 | 439 | 10.670,00 | 439 | 85.105,00 |
| **Царинарница Куманово** | 17 | 875,00 | 11 | 2.875,00 | 9 | 900,00 | 6 | 4.650,00 |
| **Царинарница Гевгелија** | 269 | 7.121,00 | 114 | 27.900,00 | 155 | 8.630,00 | 155 | 43.651,00 |
| **Вкупно** | 2.257 | 60.478,50 | 1.077 | 134.730,00 | 869 | 41.720,00 | 866 | 236.928,50 |

| Наплата на прекршочни платни налози | Број на наплатени прекршочни платни налози | Износ на наплатени платни налози за физички лица(во евра) | Број на физички лица | Износ на наплатени платни налози за правни лица (во евра) | Број на правни лица | Износ на наплатени платни налози за одговорни лица (во евра) | Број на одговорни лица | Вкупен износ на наплатени платни налози (во евра) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Царинарница Скопје** | 553 | 8.400,50 | 370 | 15.350,00 | 108 | 5.871,00 | 108 | 29.621,50 |
| **Царинарница Битола** | 224 | 4.474,00 | 188 | 10.650,00 | 36 | 2.261,00 | 36 | 17.385,00 |
| **Царинарница Штип** | 764 | 19.139,00 | 327 | 18.025,00 | 437 | 5.536,00 | 437 | 42.700,00 |
| **Царинарница Куманово** | 48 | 1.106,00 | 40 | 1.500,00 | 11 | 325,00 | 8 | 2.931,00 |
| **Царинарница Гевгелија** | 393 | 3.592,00 | 114 | 6.850,00 | 138 | 2.887,00 | 141 | 13.329,00 |
| **Вкупно** | 1982 | 36.711,50 | 1039 | 52.375,00 | 730 | 16.880,00 | 730 | 105.966,50 |

| Барања за поведување на прекршочна постапка за непочитување на рок за плаќање | Број на барања | Број на физички лица за кои е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка | Број на правни лица за кои е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка | Број на одговорни лица за кои е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка |
|---|---|---|---|---|
| **Царинарница Скопје** | 72 | 33 | 24 | 24 |
| **Царинарница Битола** | 7 | 7 | 7 | 7 |
| **Царинарница Штип** | 23 | 21 | 2 | 2 |
| **Царинарница Куманово** | 1 | | 1 | 1 |
| **Царинарница Гевгелија** | 18 | | 3 | 2 |
| **Вкупно** | 121 | 61 | 37 | 36 |

Забелешка:

*Разликата која што се јавува помеѓу износите на изречените и наплатените прекршочни платни налози се должи на тоа што доколку сторителот, по приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог ја плати глобата во рок од осум дена, ќе плати половина од изречената глоба, согласно член 264 точка 8 од Царинскиот закон.

По непочитување на рокот за плаќање се поднесуваат барања за прекршочна постапка до Одделението за прекршочна постапка.

*Бројот на прекршочни платни налози кај физички лица одговара на бројот на записници за царински прекршоци. Кај правните лица бројот на прекршочни платни налози е поголем од бројот на записници за царински прекршоци бидејќи се изготвуваат посебни прекршочни платни налози за правни лица и посебни прекршочни платни налози за одговорни лица кај правните лица.

## Прекршочни постапки по кои постапува Одделението за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок

Прекршочните постапки ги води прекршочен орган на Царинската управа – Одделение за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок.

Во 2024 година во Одделението за прекршочна постапка заведени се вкупно 2.031 предмети. Споредено со 1.746 предмети во 2023 година, обемот на работа е значително зголемен.

Одделението за прекршочна постапка - Комисија за одлучување по прекршок при Царинската управа во 2024 година реши вкупно 1.780 предмети во редовна постапка, 18 предмети во повторна постапка или вкупно 1.798 предмети. Изречени се глоби во вкупен износ од 96.955,00 евра. Од решените предмети во 2024 година, 1.765 се царински прекршоци, 20 се девизни прекршоци и 13 се акцизни прекршоци.

| **Прекршочни постапки** | Q1 2024 | Q2 2024 | Q3 2024 | Q4 2024 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Во редовна постапка** | 699 | 637 | 256 | 188 | 1.780 |
| **Во постапка на повторно постапување** | 10 | 7 | 0 | 1 | 18 |
| **Вкупно решени прекршочни предмети** | 709 | 644 | 256 | 189 | 1.798 |
| **Вкупен износ на изречени глоби по прекршочни постапки (во евра)** | 37.660,00 | 26.600,00 | 16.340.00 | 16.355.00 | 96.955,00 |

## Учество во заеднички меѓународни операции и акции

Царинските службеници зедоа активно учество во:

- Меѓународна операција OPSON XIII како дел од Оперативниот акционен план за криминал од интелектуална сопственост во рамките на EMPACT 2024-2025 (реализирана од јануари до мај 2024), фокусирана на фалсификувани или супстандардни прехранбени производи, нелегални синџири за снабдување со

прехранбени производи, измами со прехранбени производи, безбедност на прехранбени производи и нелегално движење на добиток и економски мотивирана замена или додавање на супстанции во производот (EMA).

- TENTACLE-EASTERN EUROPE реализирана во период 01.02.-15.03.2024 (во организација на Светската царинска организација и во соработка со ИНТЕРПОЛ и Егмонт групата, на национално ниво организирана од страна на Царинската управа), за спречување на криумчарење на готовински средства и незаконска трговија со скапоцени камења и благородни метали. Учество зедоа и служби од царинарници и остварените заплени допринесоа за успех на операцијата.
- Меѓународна царинско-полициска операција PANDORA IX реализирана во период 11.09.-22.09.2024 година, во организација на Европол, Интерпол и Светската царинска организација и во соработка со Шпанија, Италија и Холандија, во рамки на EU EMPACT иницијативата, фокусирана на нелегална трговија со културни добра. Операцијата се спроведе на територијата на Европската Унија, балканските држави, Украина, Мексико и Соединетите Американски Држави.
- Меѓународна операција DEMETER X, реализирана во период 15.07.-15.09.2024, во организација на Светската царинска организација, фокусирана на нелегални пратки со секаков вид отпад, со посебен акцент на пластичен отпад, електронски отпад и супстанции контролирани според Монтреалскиот протокол (супстанци кои ја осиромашуваат озонската обвивка и флуоројаглеводороди).

Царинската управа е дел од меѓународниот проект GLOBAL SHIELD организиран од Светската царинска организација, кој е фокусиран на следење на увозот и извозот на хемикалии и други производи што може да се користат за изработка на експлозивни направи. Во рамки на проектот, Царинската управа редовно доставува месечни извештаи за увози и извози на вакви хемикалии и производи преку „CENcomm2" платформата за овој проект.

### Заштита на правата од интелектуална сопственост

Со цел ставање во функција на модулот за ИПР во рамките на електронскиот Систем за обработка на царински и акцизни документи (SOCDAD), извршени се тестирања на модулот за управување со економски оператори (MEOS) за поднесување на барања за преземање на царински дејствија и модулот за заштита на правата од интелектуална сопственост (IPR). Со овие електронски модули ќе се овозможи електронско поднесување на барања за преземање на царински дејствија од страна на носителите на права, како и електронска комуникација со организационите единици во Царинската управа во врска со привремено задржаната стока.

**Во 2024 има вкупно 59 нови прифатени барања за преземање на царински дејствија за заштита на права од интелектуална сопственост.** Заедно со овие, вкупно активни прифатени барања се 191 и истите се однесуваат на 1.127 трговски марки.

**Во 2024 година задржани се вкупно 147.525 парчиња на стока врз основа на сомневање околу повреда на право од интелектуална сопственост, во вкупно 73 случаи.** Повредени

се права на 60 трговски марки. За 66.337 парчиња од страна на носителите на права потврдено е дека повредуваат право на интелектуална сопственост.

Структурата на стоката која повредува право на интелектуална сопственост:

- 18.368 парчиња облека
- 16.374 парчиња пенкала, боици и детски аксесоари
- 11.059 парчиња филтри за воздух, сијалици, капачки за бандажи за ПМВ и сл.
- 10.205 парчиња детски играчки
- 3.946 парчиња полначи, слушалки, заштитни маски и капаци за мобилни телефони
- 2.658 парчиња паричници, чанти и делови за чанти
- 1.158 пара патики и обувки
- 980 парчиња ремени  и метални токи за ремени
- 960 парчиња парфеми
- 490 парчиња  текстилни етикети
- 94 парчиња текстилни фотељи и куфери за деца
- 40 сета ( 1 сет со 12) тенџериња со капаци
- 5 парчиња рачни часовници ROLEX

Фалсификуваните производи се  со потекло од Турција и Кина.

## Други забрани и ограничувања

За целосна имплементација на Базелската Конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасен отпад, се одржаа состаноци со Министерството за животна средина и просторно планирање со цел дефинирање на чекорите и начинот на спроведување на оваа активност. Со согласност на МЖСПП, Царинската управа ја имплементираше Базелската Конвенција согласно интеграцијата на истата во TARIC системите на ЕУ.

Царинската управа зеде учество во:

- Работилница  за контрола на незаситени хлорофлуоројаглеводороди (hydrochlorofluorocarbons-HCFCs)
- Управување со промени (нов Национален едношалтерски систем HEC-NSW)
- Управување со отпад
- Во рамките на проектот „Поддршка на спроведување на законската рамка за управување со отпад и системот на Проширена одговорност на производителите" учество во Активност 2.7/Компонента 3 - Обука на учесниците за контрола, обезбедување на податоци и нивен пренос
- Во рамките на проектот „Подобрување на капацитетите за Натура 2000 и CITES[9]" за спроведување на активноста 2.2 „Градење на капацитетите на CITES" - посета на релевантните власти на CITES на Република  Хрватска
- Во рамките на регионалниот проект за зајакнување на биолошката безбедност на граничните подрачја во Југоисточна и Источна Европа (P100 Strengthening of Front-

9 CITES – Конвенција за меѓународна трговија на загрозени видови на дива фауна и флора

Line Biosafety and Biosecurity Measures in the South East and Eastern European Region) – посета на релевантните институции во Кишниев – Молдавија.

### Други активности за заштита ориентирани кон зачувување на природата

Во делот на заштита на природата во рамките на **проектот „Подобрување на капацитетите за Натура 2000 и CITES"** се преземаат активности за спроведување на директивите на ЕУ за заштита на природата (Директива за живеалишта и Директива за птици), како и Регулативата CITES за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора.

На национално ниво е формирана работна група во која учество зема и Царинската управа, во компонентата за CITES која има за цел да се постигне целосна усогласеност на националното законодавство со Регулативата на ЕУ и Конвенцијата CITES за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора. Изготвена е нацрт верзија на Законот за прекугранично движење и трговија со диви видови, како и на подзаконските акти. Исто така, изготвен е посебен софтвер за издавање дозволи за трговија, кој ќе почне да се применува откако ќе се донесе законот. Обврска на Царинската управа согласно овој предлог закон е контрола на прекуграничното движење на диви видови (меѓународна трговија со загрозени видови на дивата флора и фауна).

Во рамките на овој проект континуирано се одржуваат и обуки за инволвираните страни во издавањето на дозволи за прекуграничен промет. Во 2024 се одржаа следниве обуки:

- Идентификација на заштитени видови и нивни примероци за време на трговијата и прекуграничните движења (29.01.2024)
- Управување и постапување со заштитените видови кои се чуваат во заробеништво (27.02.2024)
- Обележување и индивидуална идентификација на заштитените видови и примероци (04.04.2024)
- Улоги и одговорности на научните авторитети во спроведување на законот и прописите на CITES (14.05.2024)
- Одговорности, подготовка и издавање CITES дозволи, сертификати и други шаблони (03.07.2024)
- Софтвер и управување со податоци за спроведување на законот и регулативите на CITES (04.07.2024)
- Градење на капацитетите на CITES (01-04 .09.2024)

## *Организациски и инфраструктурен развој*

### Професионална и ефикасна јавна администрација

### Зајакнување на системот за управување со човечките ресурси

Во процесот на јакнење на капацитети и модернизација на службата, Царинската управа е посебно посветена на континуирана едукација и обука, наградување и мотивација на вработените, со цел добро обучените царински службеници да може соодветно да одговорат на секојдневните предизвици.

На крајот на декември 2024 година во Царинската управа се вработени 1.188 лица. Од вкупниот број вработени 2 лица се со статус на функционери (директор и заменик директор), 1.181 лица се со статус на царински службеници согласно Законот за Царинската управа и 5 лица се со статус на работници согласно Законот за работни односи.

Во однос на стручната подготовка, од вкупниот број вработени 4 вработени се доктори на науки, 74 вработени се магистри, 707 се со високо образование, 7 се со вишо образование, 393 се со средно образование и 3 вработени се со образование од друг вид. Ова значи дека 66,1% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.

Во однос на половата застапеност од вкупниот број вработени во Царинската управа 863 се мажи и 325 се жени.

Во 2024 година е донесено:

- Упатство за службена облека изготвено согласно Правилникот за службената облека, амблемот, ознаките на чиновите и начинот на нејзиното доделување и користење на царинските службеници и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за службената облека, амблемот, ознаките на чиновите и начинот на нејзиното доделување и користење на царинските службеници.

## Вработување

Во 2024 година во Царинска управа вработени се 9 лица со јавен оглас на неопределено време.

Согласно Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор, Царинска управа изврши преземање на 15 лица од други институции и вработи 6 лица на определено време за пополнување на испразнети работни места, во услови на зголемен обем на работа и за цели на ефикасно користење на човечките ресурси.

Во 2024 година извршено е времено унапредување на 159 царински службеници.

Врз основа на интерен оглас спроведен во Царинска управа, во 2024 направени се 6 унапредувања.

За 6 царински службеници донесено е решение за суспендирање заради изготвен Извештај од Сектор за професионална одговорност и поднесена е кривична пријава.

## Дисциплински постапки

Во 2024 година во Царинската управа беа поднесени 38 предлози за дисциплински постапки. Во 1 случај отфрлен е предлогот за покренување на дисциплинска постапка. Во 9 случаи одбиени се предлозите за поведување на постапка.

Донесени се 15 решенија за парична казна, намалување на плата за 15% во траење од 6 месеци (8 решенија), 3 месеци (5 решенија) и 2 месеци (2 решенија). Донесени се 6 решенија за суспензии, а по 7 дисциплински постапки има решенија за откази.

Изречен е еден отказ по кривична пресуда од основен суд Скопје која не е поврзана со царинското работење.

### Престанок на работен однос

Во 2024 година Царинската управа има донесено 21 решенија за престанок на работен однос по основ на старосна пензија, 2 решенија за мирување на работен однос поради избор на пратеник и именување од Влада.

Има едно решение за престанок на работен однос по барање на работникот и 4 решенија за престанок на работен однос по настаната смрт.

### Обуки

Во 2024 година Царинската управа организираше вкупно **183 обуки**, на кои учествуваа **1.929 учесници**. Бројот на учесници и времетраењето на обуките покажуваат дека за секој вработен обезбедена е обука во времетраење од 10 часа.

855 вработени учествувале во најмалку една обука, односно 72,83 % од вкупниот број на вработени.

Во овој период, како поддршка на проектите за имплементација на НКТС Фаза 5 се одржаа следните обуки:

- Обука за царинска тарифа за царински службеници кои работат на транзитна постапка,
- Вкупно 33 обуки за спроведување на транзитна постапка преку НКТС 5 на кои учествуваа 396 царински службеници,
- Три обуки и една информативна сесија за економските оператори кои го користат Порталот на Царинската управа за поднесување на транзитни царински декларации, на кои учествуваа вкупно 85 претставници на економските оператори.

За Националниот едношалтерски систем се одржаа следните обуки:

- Управување со промени, за членовите на работната група за имплементација на Националниот едношалтерски систем (14 учесници),
- Проектен менаџмент и управување со време (5 учесници).

За стекнување на подобри знаења и вештини во доменот на царинското работење, царинските службеници посетуваа обуки на следниве теми: идентификација на заштитени видови и нивни примероци, управување со отпад, Царинска тарифа, измените во Царинската тарифа во глава 84, привремен увоз на патнички возила, нови преодни ПЕМ преференцијални правила за потекло, управување и постапување со заштитените видови

кои се чуваат во заробеништво, контрола на HCFC, ракување со Раман спектроскоп, обука за обучувачи и други.

### Спроведување на мерки за спречување на несооодветно и коруптивно однесување и развој на системи на правила и контрола

Дел од мерките што на национално ниво се дефинираат за борба против корупцијата, се посебно насочени кон органите на спроведување на законите. Истите се фокусирани на обезбедување на транспарентност во постапките за вработување и напредување во градење на кариера, поголема ефикасност на системот за утврдување професионална одговорност на вработените лица и системски да се анализираат корупциските ризици во инспекциските служби, со јакнење на нивните инспекциски капацитети.

Од особена важност е спроведувањето на препораките од внатрешната ревизија и Државниот завод за ревизија и воспоставувањето на ефикасен систем на спроведување на препораките, како и систем на одговорност.

1. **Имплементација на нов Систем за видео надзор, интегриран со Систем за автоматско распознавање на регистарски таблички - CCTV&ANPR (Проект за олеснување на трговијата и транспортот во земјите од Западен Балкан-Светска Банка)**
   Новиот систем за видео надзор и препознавање на регистарски таблички е веќе воспоставен на сите граничните премини. Со овој систем се добиваат детални, квалитетни и навремени информации што се користат за понатамошни анализи и постигнување на крајна цел: борба против недозволената трговија и криминал, заштита на финансиските интереси на државата, заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните. Дежурниот царински центар на Царинската управа располага со сите податоци кои ги вчитуваат поставените „паметни камери" на овие гранични премини. Информациите од системот се складираат во податочен склад и истите ќе се користат за напредни анализи на податоци, за анализа на ризик, како и за истрагите што ги води Управата.

2. **Воведување на систем за телесни камери за царинските службеници на граничните премини**
   Со донација од Амбасадата на Соединетите Американски Држави, царинските службеници на пет гранични премини ќе бидат опремени 24 часа со телесни камери. Камерите овозможуваат снимање докази во реално време, а снимките може да се споделат со други агенции за спроведување на законот за да помогнат во пошироки истраги или правни постапки. За телесните камери е донесено „Упатство за користење на мобилниот систем за снимање со камери-телесни камери" и потпишан е договор со претставници на Амбасадата на САД за набавка на 60 телесни камери и набавка на останатата потребна опрема за снимање, складирање и репродукција на снимениот материјал.
   Се очекува во првата половина на следната година опремата да биде испорачана, инсталирана и ставена во функција.

Во 2024 година, врз основа на Планот на активности на Секторот за професионална одговорност, примените поплаки кои се однесуваат на незаконито и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија 197 во кои се содржани наводи за непрофесионално однесување на царински службеници, како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа, **спроведени се 119 внатрешни истраги и со 26 извештаи се утврдени неправилности во постапувањето на царинските службеници**. Во врска со постапувањето согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа, **извршени се 62 внатрешни контроли,** при што **со 21 извештаи се утврдени неправилности во постапувањето на царинските службеници.**

| 2024/месец | Внатрешни истраги | Неправилности | Внатрешни контроли | Неправилности |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 10 | 1 | 4 | / |
| Февруари | 11 | 1 | 4 | 3 |
| Март | 11 | 3 | 7 | 2 |
| Април | 5 | 2 | 9 | 3 |
| Мај | 7 | / | 5 | 2 |
| Јуни | 7 | 1 | 5 | / |
| Јули | 14 | 3 | 7 | 2 |
| Август | 9 | 4 | 4 | 2 |
| Септември | 7 | / | 3 | 1 |
| Октомври | 11 | 5 | 7 | 2 |
| Ноември | 13 | 4 | 5 | 3 |
| Декември | 14 | 2 | 2 | 1 |
| Вкупно: | 119 | 26 | 62 | 21 |

Согласно обврската по склучување на договор за вработување со Царинската управа или по престанок на работниот однос службените лица од Царинската управа да достават пополнет анкетен лист до Секторот за професионална одговорност, во 2024 година евидентирани се: 100 **царински службеници кои доставиле анкетен лист, 65 кои доставиле образец за промена на имотната состојба, додека 81 царински службеници поднеле изјави за интереси.**

| 2024/месец | Анкетен лист | Промена на имотна состојба | Изјава за интереси |
|---|---|---|---|
| Јануари | 7 | 9 | 3 |
| Февруари | 47 | 6 | 48 |
| Март | 5 | 2 | 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Април | 1 | 12 | 1 |
| Мај | 2 | 8 | 2 |
| Јуни | 3 | 2 | 1 |
| Јули | 11 | 5 | 8 |
| Август | 5 | 6 | 4 |
| Септември | 7 | 1 | 5 |
| Октомври | 3 | 4 | 1 |
| Ноември | 5 | 6 | / |
| Декември | 4 | 4 | 3 |
| Вкупно: | 100 | 65 | 81 |

Беше ревидиран и изработен нов **Регистар на ризични точки во царинското работење подложни на корупција за сите 4 квартали одделно, како и Регистар за најчести грешки во царинското работење за 2023 година,** како корисни алатки за перманентно и ефикасно справување со можните кршења на царинското законодавство преку вршење на интерни контроли, а со тоа и за превенција од корупцијата.

## Модернизација на инфраструктурата на граничните премини

Безбедноста и модернизацијата на инфраструктурата останува да биде национален приоритет, за зголемување на безбедноста на граѓаните, посилна економија и скратување на времето за транспорт и логистика. Во таа насока се преземаат активности за:

1. Подобрување на квалитетот на услугите и условите за работа на економските оператори и царинските службеници преку подобрување на инфраструктурата на граничните премини;
2. Воведување на автоматизиран систем за управување со терминалите на граничните премини;
3. Замена на старата и поставување на нова опрема (нови ваги, агрегати, рампи);
4. Подобрување на енергетската ефикасност на објектите;
5. Замена на постоечките системи за ладење и греење во објектите со нови еколошки;
6. Поставување на опрема-панели за производство на електрична енергија на објекти на Царинската управа;

## Тековни проекти за реконструкција на граничните премини и терминали:

### Проекти со поддршка на Инструментот за претпристапна помош (ИПА)

- Проект за **изградба на граничниот премин Маркова Нога** (финасиран од **ИПА 3** национална програма – 2021, во рамки на Акцискиот документ од националната ИПА за 2021 година „ЕУ за Преспа“)

За реализација на проектот подготвена е проектна документација и обезбедена е градежна дозвола, кои се предадени на УНДП како организација на која ДЕУ ѝ додели мандат да го реализира овој Проект. УНДП распиша тендер за избор на изведувач на градежни работи и консултанста фирма – надзор на градежни работи и се очекува договорите со најповолните понудувачи да бидат потпишани во февруари 2025 година. Изведбата се очекува да започне во март 2025 година. **Вредноста на оваа донација е 2,1 милиони евра.**

- **Реконструкција и модернизација на граничен премин (ГП) Делчево со Бугарија и автоматизација на царинските терминали** (финансиран од **ИПА 3** национална програма – 2021 - Грант)

  Царинската управа и Делегацијата на Европската Унија во март 2024 година потпишаа Договор за грант во износ од 4,2 милиони евра. Дел од овие средства во износ од 2,2 милиони евра ќе бидат наменети за реконструкција и модернизација на граничниот премин Делчево (реновирање на административната зграда, реконструкција и надградба на зградата на терминалот, реконструирана патна инфраструктура на граничниот премин, изградба на пречистителна станица), со цел подобрување на условите и капацитетите на истиот. Граничниот премин ќе претрпи значителна реконструкција што ќе обезбеди подобри услови за работа на царинските и полициските службеници и директно ќе овозможи поефикасно и навремено спроведување на царинските постапки, согласно европските стандарди.

  Останатите 2 милиони евра треба да бидат употребени за модернизација на царинските терминали во државна сопственост со воведување на современа опрема и технологија за спроведување на царинските процеси. Втората компонента ќе опфати модернизација на опремата на 9 гранични премини во Република Северна Македонија, како и интегрирање на овие компоненти и елементи со современите царински решенија. Во рамки на оваа компонента се предвидува директно влијание врз ефикасноста и скратено време за царински постапки.. Во тек се постапки за екипирање на проектниот тим на Царинската управа со надворешни експерти, кои ќе работат на реализација на Проектот, а во подготовка е и тендерска документација за набавките согласно планот за набавки.

- **Проект за изградба на граничен премин Берово (ГП Клепало) – Струмјани** (финасиран од ИПА 3 Програма за прекугранична соработка со Република Бугарија за 2021 година)

  Во ноември 2023 година започна имплементацијата на Стратешкииот проект за изградба/рехабилитација на нов граничен премин Струмјани – Берово (Клепало), што е заеднички проект за Бугарија и Северна Македонија, преку кој ќе се подобри поврзаноста помеѓу двете земји, ќе се олесни трговијата и ќе се поттикне туристичката размена. Вредноста на проектот за македонската страна е 3,6 милиони евра.

Ставањето во функција на новиот граничен премин ќе ја зголеми фреквенцијата на сообраќајот меѓу двете земји, ќе го стимулира економскиот развој на регионот и ќе овозможи и директен пристап до автопатот Струма, што е важен дел од трансевропската транспортна мрежа. Проектот е финансиран преку ИПА 3 Програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија за 2021-2027 година и ќе се реализира во 2 фази.

Во првата фаза што се очекува да заврши во 2026 година, ќе се спроведат подготвителни активности поврзани со планирање, проектирање и избор на изведувачи.

Во втората фаза која ќе се спроведе од 2027-2029 година, ќе се реализираат градежните активности на инфраструктурата на граничниот комплекс. На бугарската страна ќе се градат неколку згради и ќе се изгради патна инфраструктура, додека на македонска страна ќе се реконструираат и модернизираат постоечките структури и објекти.

Средствата одобрени за проектот заеднички ќе се искористуваат со Регионалната администрација од Благоевград, Бугарија. **Вкупната вредност на заедничкиот грант е околу 9 милиони евра, а делот на Царинската управа е околу 3,6 милиони евра.** Во тек е постапка за доекипирање на проектниот тим на Царинската управа со надворешни експерти кои ќе работат на првата фаза – подготовка на урбанистичка и градежна документација, а во подготовка е и тендерска документација за набавките согласно планот за набавки.

## Проекти со поддршка на Светска банка

- **Проект за реконструкција на граничниот премин Деве Баир** (финансиран преку заем од Светска банка). Со реконструкцијата на управната зграда ќе се добијат современи услови за работа на царинските и полициските службеници, а бенефит ќе имаат и службениците од Државниот инспекторат за земјоделие, граничната Фитосанитарна инспекција, како и Агенцијата за храна и ветеринарство. Воедно процедурите за увоз, извоз и транзит ќе се одвиваат на едно место, што ќе претставува олеснување за економските оператори. Ќе се придонесе и за скратување на времетраењето на завршување на постапките.

- **Проект за опремување и модернизација на ГП Ќафасан (финансиран преку заем од Светска банка)**. Во напредна фаза се градежните работи за изградба на објект за кој ќе се обезбедат подобри услови за сместување на шпедициите на овој граничиен премин. Сите овие активности се во насока на побрзо завршување на царинските постапки и намалување на трошоците на економските оператори.

Во јуни 2024 година се потпишани договорите за реконструкција на овие гранични премини со фирмата изведувач и во текот на следните 12 месеци треба да биде завршена реконструкцијата.

Во рамки на истиот проект изготвена е целокупната техничка документација, со што се овозможени услови за иден проект со кој ќе се решат сообраќајните проблеми на овие два премина, односно ќе се добијат дополнителни ленти и ќе се забрза протокот на патници и стока на премините.

## Други иницијативи за модернизација на гранични премини

Во мај 2024 година Царинската управа даде согласност до Министерството за локална самоуправа обновувањето на ГП Блато (кај Дебар) да биде вклучено како Стратешки проект во Програмата за прекугранична соработка со Албанија за период 2021-2027 година.

## Контрола на работните процеси

### Подобрување на оперативното работење

Комитетот за координација и контрола на оперативното царинско работење, формиран со решение од директорот на Царинска управа, започна со работа од 2 септември 2024 година, кој со одлука на генерален Директор го раководи советничката на Директорот. Главни надлежности на Комитетот се подготовка и следење на реализација на Акциски план за поефикасно оперативно работење на царинарниците, контрола и следење на почитувањето на сите интерни акти и насоки за постапување кои се однесуваат на работата на царинарниците, како би се обезбедила целосна примена на законската регулатива. Со цел подобрување на наплатата на приходите, Комитетот во континуитет ја следи наплатата на приходи во царинските постапки и предлага корективни мерки за зголемување на истите, како и мерки за усогласување и зголемување на вредност на цените. Исто така, Комитетот предлага мерки за поедноставување на постапките, мерки за повисок степен на контрола и за градење на интегритет на вработените.

Комитетот за координацја и контрола на оперативното царинско работење од своето форимрање па до крајот на 2024 година одрржа 5 седници, согласно кои Комитетот утврди потреба за формирање на неколку формални и неформални работни групи и донесе препораки и предлози за подобрување на работењето кои се содржани во Извештајот на Комитетот.

На Комитетот за координација и контрола на оператовното царинско работење, согласно постигнатите резултати Управниците ги дадоа следниве предлози за наградување:
Царинарница Скопје- ЦИ Скопје 1 и ЦИ Блаце
Царинарница Битола- ЦИ Меџитлија
Царинарница Гевгелија- ЦИ Гевгелија и ЦИ Богородица
Царинарница Куманово- ЦИ Табановце
Царинарница Штип- Дејан Тодоровски од ЦИ Делчево-отсек за патнички промет

## Внатрешна ревизија

Од особена важност е спроведувањето на препораките од внатрешната ревизија и Државниот завод за ревизија и воспоставувањето на ефикасен систем на спроведување на препораките, како и систем на одговорност.

| Внатрешни ревизии по квартали 2024 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Вкупно |
| Изготвени конечни ревизорски извештаи и дадени акциони планови со рокови за спроведување на препораките | 3 | 4 | 3 | 4 | 14 |
| Утврдени наоди | 12 | 15 | 15 | 22 | 64 |
| Дадени препораки | 16 | 15 | 16 | 23 | 70 |

| Вкупна реализација на препораки по квартали 2024 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Статус на дадени препораки: | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 |
| Реализирани препораки | 2 | 14 | 25 | 41 |
| Нереализирани препораки | 0 | 0 | 3 | 4 |
| Препораки во тек на реализација | 9 | 5 | 9 | 9 |
| Делумно реализирани препораки | 1 | 1 | 1 | 6 |
| Препораки за кои не е изминат рокот на реализација | 4 | 11 | 9 | 10 |

Во 2024 година во Царинската управа се **извршени 14 внатрешни ревизии врз основа на кои се утврдени 64 наоди и дадени се 70 препораки за подобрување на работењето.** Ревизиите ги опфатија реализацијата на препораките дадени во 2023 година, ИТ безбедноста на системите на Царинската управа, работењето на Службата за царинска тарифа, печатењето, издавањето и водењето на евиденција на акцизни марки за акцизните производи, одложеното плаќање на царински долг, работењето на Одделението за контрола на трговските друштва, годишниот попис за 2023 година на средствата и обврските на Царинската управа на Република Северна Македонија, користењето на службените возила во Царинската управа, имплементација на проектот за новиот Национален едношалтерски систем (Single Window System - NSW), трошење на буџетските финансиски средства во Царинската управа, постапките за јавни набавки во Царинската управа, работењето на Службата за застапување пред судовите, работењето на Службата за првостепена управна постапка и имплементација на проекти кои тековно се спроведуваат во Царинската управа преку инструментот за претпристапна помош - ИПА.

## Отворена царинска линија 197

На отворената царинска телефонска линија (197) во 2024 година добиени се вкупно 4.532 повици.

Најголемиот дел од повиците се однесуваат на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави. Од нив може да се издвојат како позначајни повиците класифицирани во категоризација **Ј** (информација за изнуда на поткуп) – 20 повици, **Р** (информација за поплака од забавена царинска постапка или застој на граничните премини) – 581 повици и **С** (информација за технички проблеми при спроведување на царинската постапка) – 97 повици.

Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија на А и В (информации за криумчарење) - 57 повици, извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царинските испостави, како и од мобилните тимови, додека од страна на соодветните служби извршена е обработка, анализа и истрага од доменот на нивното работење.

## Слободен пристап до информации од јавен карактер

Во 2024 година до Царинската управа беа доставени 12 барања за пристап до информации од јавен карактер, врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Сите 12 барања се одговорени во законски пропишаниот рок, во форма и на начин како што побарале подносителите на барањата.

Доставени се информациите што беа предмет на интерес:

- Царински олеснувања за стока - електроника и електронски уреди со потекло од САД, хартиени цевки со потекло од Р. Грција и пластични резервоари со потекло од Р Бугарија;
- Вкупен број на царински службеници кои во 2023 година учествувале на обука за дигитална писменост, вкупен број на испорачани е-услуги во 2023 година од ЦУРСМ кон граѓаните и бизнисите, листа на е-услуги и линк;
- Колку приходи има остварено државата од увозот на автомобили што биле донесени од странство во 2021, 2022 и 2023 година;
- Податоци за вистински сопственици во регистерот за 2022 и 2023 година;
- Податоци за 2022, 2023 и 2024 година за број на денови од поднесување на царинска декларација во СОЦДАД до пуштање во слободен промет на задржани производи;
- Основ во закон, уредба или одлука за барање на сертификат при увоз на коњак под тарифен број 2208 201200;
- Колективни договори на ЦУ на РСМ за период од 2017 до 2024 година;
- Број на увезени топлински пумпи, клима уреди и инвертер клима уреди за 2023 година;
- Толкување на царинска тарифа и царински давачки при увоз на цивилни авиони и воздухоплови на маса која не надминува 2.000 кг;

- Одговорни лица задолжени за подготовка и спроведување на обврски согласно договори потпишани и ратификувани во рамки на ОБИ и тоа Спогодба помеѓу Влада на Република Северна Македонија и Советот на Министри на Република Албанија за заемно признавање на одобренија за овластен економски оператор-безбедност и сигурност и Спогодба помеѓу Влада на Република Северна Македонија и Влада на Република Србија за заемно признавање на одобренија за овластен економски оператор-безбедност и сигурност.
- Малопродажна цена на цигари и количини на продадени кутии на цигари на годишно ниво за период од 2010 до 2023 година.
- Колку и од каде годишно РС Македонија увезува 96% алкохол.

Во истиот период 2023 година беа поднесени и одговорени 13 барања за пристап до информации од јавен карактер.

# МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ И ПОВАЖНИ НАСТАНИ

## Меѓународна соработка

- На 24 и 25 јануари во организација на Царинската управа и со поддршка на Царинската и даночна служба на Обединетото Кралство се одржа јубилејниот 10-ти неформален регионален состанок на високи претставници на царинските управи од Западен Балкан, како и претставници од британското Министерство за надворешни работи - Канцеларија за меѓународни операции и EXBS. Се разгледуваше можното подобрување на регионалната соработка на царинските служби во заедничката борба против шверцот, нелегалната трговија и организираниот криминал, со цел развој и унапредување на економската соработка во регионот.
- На 8 март во Скопје се одржа официјална средба со директорот на корејската Царина за означување на почетокот на имплементацијата на Системот за управување со ризици и податочен склад (со 4,8 милиони долари грант од Република Кореја).
- На 10 октомври во Софија одржана е средба со директорот на Царинска управа на Република Бугарија Георги Димов, како дел од 10-тиот состанок на Организацијата за соработка на аеродроми во Југоисточна Европа, во рамки на Помпиду Групацијата (AIRSEE). Учесниците во Организацијата ја усвоија заедничката декларација со која изјавуваат согласност да ја зајакнат улогата на Организацијата како регионална платформа за начин на дејствување, да работат на развој и усогласување на алатки и системи за поголема ефикасност во откривање дрога на аеродромите во Југоисточна Европа.
- Делегација на Царинската управа предводена од директорот Бобан Николовски учествуваше на дводневниот состанок на високо ниво „Зајакнување на регионалната царинска соработка“ (одржан од 18 до 19 ноември во Будимпешта), на кој присуствуваа директорите и високи претставници на царините од Западен Балкан и земјите членки на ЕУ. На настанот организиран под покровителство на Националната даночна и царинска агенција на Унгарија, во рамки на Унгарското претседателство на Советот на ЕУ, еврокомесарот за проширување Оливер Вархеј потенцираше дека интеграцијата е многу значајна во процесот на проширување и дека царинските управи имаат клучна улога во овој процес. Учесниците истакнаа дека интеграцијата во единствениот пазар на ЕУ, соработката помеѓу царините во делот на воспоставување зелени коридори и размена на податоци и предвидливата бизнис клима обезбедуваат стабилност и раст на економиите.
- На 5 декември 2024 година, во Тирана, директорот Бобан Николовски и заменик директорот Гарип Каба присуствуваа на првиот регионален состанок на Управувачкиот комитет за Фаза 2 на „Програмата за промовирање на владеење на

правото и добро владеење, преку спроведување на мерки за гранична контрола на пристаништа и аеродроми за Југоисточна Европа", како заедничка активност на ЕУ и Канцеларијата на ОН за дрога и криминал (под покровителство на ЕУ, СЦО, УНОДЦ). Учество зедоа директори на царински управи и гранични полиции на земји од Југоисточна Европа, претставници на Европската комисија, Канцеларијата на ОН за дрога и криминал и Светската царинска организација.

- На 20 декември 2024 година во Солун се одржа билатерална средба помеѓу директорите на царинските управи на Северна Македонија и Грција и експертските тимови од највисокото раководство на двете управи. Согласно договорот од состанокот, двете царински управи ќе работат на унапредување на трговските и безбедносните политики во прекуграничната трговија. Воспоставувањето зелени коридори и двонасочна електронска размена на електронски податоци за секој увоз и извоз на трите гранични премини, воспоставувањето на концепт за едно застанување на ГП Богородица - Евзони, како и размена на разузнавачки податоци и креирање профили на ризик за цели на истрагите се дел од иницијативите каде ќе се соработува во следниот период. Како особено важно беше истакнато зајакнувањето на институционалните капацитети преку одржување на заеднички обуки, споделување најдобри практики и одржување редовни средби на експертско ниво. Во периодот што следи договорено е грчката Царина да ги сподели искуствата во делот на следење и контрола на тутунски производи преку системот „Track and Trace". Двете страни исто информираа за активностите што се преземаат за отворање на новиот граничен премин Маркова Нога.

Во насока на зајакнување на воспоставената соработка со надворешни поддржувачи на работењето на Царинската управа, во текот на 2024 година одржани беа повеќе работни средби со високи претставници на: амбасадата на САД (5 јули), Управата за царински работи и приходи на Обединетото Кралство за Македонија и регионот (10 јули), Мисијата на ОБСЕ во Скопје (22 јули 2024), Делегација на Европска Унија во Скопје (31 јули 2024), како и претставници од Федеративна Република Германија (30 јули 2024), амбасада на Грција (16 октомври), Мисијата на Канцеларијата на ОН за дрога и криминал (4 ноември).

### Подобрување на поврзаноста со соседните земји преку модернизирање на граничните премини

- Деве Баир – поставен камен темелник на нов објект на терминалот за стоково царинење, во присуство на претседателот на Владата, Христијан Мицкоски, вицепремиерот и министерот за транспорт Александар Николоски, директорот на Царинска управа Бобан Николовски и директорот на Светска банка за Македонија, Масимилијано Паолучи. Официјално започна реконструкцијата и надградбата на граничниот премин Деве Баир (5 октомври).

- Берово (7 октомври) – се одбележа почетокот на проектот за воспоставување на нов граничен премин. Со инвестиција од вкупно 3,7 милиони евра, Царинската управа ќе работи на воспоставување на нов граничен премин Струмјани-Берово (Клепало) со

Република Бугарија. За проектот се обезбедени 3,1 милиони евра грант од ИПА 3 Програмата на ЕУ за прекугранична соработка со Бугарија, а 551.548 евра се национално ко-финансирање.

## Склучени меѓународни договори

- Протокол помеѓу Министерство за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија и Министерство за финансии – Царинска управа на Република Србија за спроведување на Меморандумот за разбирање помеѓу Владите на двете држави за мерки за унапредување на движењето на патници и стока преку заеднички државни граници - потпишан во јануари 2024 година.
- Меморандум за соработка помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Управата за царински работи и приходи на Обединетото Кралство за обезбедување на дрон (се регулираат формалности за донирана опрема за спречување и откривање на економски, финансиски и организирани криминал, со прецизни одредби за нејзино користење и одржување) - потпишан во јануари 2024 година.
- Технички протокол за електронска размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Царинската управа на Црна Гора, со кој се регулираат мерки што двете страни ги преземаат за олеснување на патниот сообраќај, сузбивање на царински измами, забрзување на царинските постапки, поедноставување на условите за спроведување на формалностите и царински контроли, не исклучувајќи ја примената на одредбите од рамката за анализа на ризик кон кои треба да се придржува секоја од договорните страни (потпишан во ноември 20024 година).
- Меморандум за разбирање помеѓу Програмата УСАИД за заштита и одговор во сајбер безбедноста, спроведувана од Корпорацијата за меѓународни бизнис машини ИБМ Консалтинг Федерал и Царинската управа на Република Северна Македонија, преку кој се обезбедува поддршка за Царинската управа во идентификација, изработка и спроведување на целниот патоказ и план за сајбер безбедност на нашата Царинска служба, оптимизација на конфигурацијата на безбедносните алатки на сегашниот систем за Управување со настани од информациона сигурност и безбедносните алатки за заштита на податоци, обуки и градење на капацитети во овој домен (потпишан во ноември 2024 година).

## Меѓуинституционална соработка

Со цел подигнување на институционалните капацитети, што треба да резултира со повисоки стапки на раст и подобрување на животниот стандард на граѓаните, во изминатиот период интензивно се работеше и на продлабочување на меѓуинституционалната соработка.

- ✓ На 2 јули се одржа состанок со министерката за финансии Гордана Димитриеска Кочоска и директорката на Управата за јавни приходи Елена Петрова, на кој се потенцираше потребата за реформски политики со видливи резултати кај забрзување на транспортот и трговијата, сузбивање на криминалот и корупцијата, подобрување на условите за водење бизнис и привлекување нови директни инвестиции.
- ✓ На 11 јули директорот на Царинска управа Бобан Николовски имаше работна средба со министерот за транспорт и врски Александар Николоски, на која фокус беше ставен на забрзување на транспортот и олеснување на трговијата преку имплементација и унапредување на проектите што се реализираат од страна на Царинската управа и Министерството за транспорт и врски.
- ✓ На 6 август, на средба со директорката на УЈП Елена Петрова  потенцирана беше потребата за поблиска соработка со цел сузбивање на сивата економија, што е предуслов за фер конкуренција, поголеми инвестиции во производство и наплата на повеќе приходи во Буџетот.
- ✓ На 15 август директорот Бобан Николовски се сретна со премиерот Христијан Мицковски. Премиерот изрази поддршка од Владата за подобри резултати и упати честитки за првите повидливи успеси во наплата на приходи и контролни операции.
- ✓ На 20 август се одржа заеднички состанок со Народната банка, Управата за финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи и Управата за финансиска полиција, на кој беше договорено да се склучи Меморандум во кој ќе се дефинираат ингеренциите и сетовите на податоци со кои располагаат институциите, за подобро следење на текот на парите и сузбивање на криминалните дејствија, меѓу кои спречување перење пари и финансирање тероризам.
- ✓ На 22 август, за време на работен состанок, директорот на Царинска управа Бобан Николовски и директорот на Бирото за јавна безбедност Александар Јанев потенцираа дека со унапредување на соработката и размената на податоци, но и со побрзата интервенција и асистенција на меѓусекторско и меѓуинституционално ниво, ќе има поголема ефикасност во сузбивање на криминалот и незаконските активности.
- ✓ На 25 октомври, на состанок помеѓу директорот на Царинската управа Бобан Николовски и директорката на Централен регистар Анита Стамнова,  договорено интензивирање на заеднички активности, при што Царинската управа ќе овозможи електронски пристап до базата на податоци за платени увозни давачки.
- ✓ На 28 октомври, на средба со директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Гоце Димовски договорено унапредување на соработката во обезбедување на поповолна инвестициска клима, со унапредување на царинските процеси и подобрување на конкурентноста на македонската економија.

- ✓ На 8 ноември директорот Бобан Николовски во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец заедно со министерот за одбрана Владо Мисајловски, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски и амбасадорката на САД во нашата земја, Ангела Агелер, присуствуваа на брифинг на кој од страна на заменик командантот на Првата пешадиска бригада, полковник Стеван Наумоски беше презентиран процесот за воведување во оперативна употреба на лесните оклопни возила „Stryker“ во рамките на Армијата. По брифингот беше остварена посета на објектите каде се одржуваат и чуваат JLTV и Stryker возилата.
- ✓ На 14 ноември, на состанок со директорот на АД Пошта Орхан Куртиши договорено унапредување на соработката и засилена контрола на граничниот премин Блаце, за спречување обиди за криумчарење на поштенски пратки.
- ✓ На 25 ноември, на иницијатива на директорот Бобан Николовски е одржан Управувачки комитет за Национален едношалтерски систем, на кој присуствуваа сите 15 институции вклучени во процесот на издавање на дозволи, лиценци и сертификати во меѓународната трговија. Беше истакната важноста од нивна активна вклученост во процесот со цел компаниите да добијат подобри услуги преку целосна дигитализација и отстранување на бирократските оптоварувања, како и намалување на трошоците и времето на чекање за завршување на извозните и увозните постапки.

## Склучени меморандуми

- ➢ Меморандум за соработка помеѓу Државниот завод за статистика и Царинската управа со кој се уредува прибирањето, обработката и публикувањето на статистичкото истражување за надворешна трговија (склучен во септември 2024 година);
- ➢ Меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии, со кој се регулира пружање на поддршка и помош во ефикасно спроведување на надлежностите утврдени со закон, особено за сузбивање, спречување, откривање и спроведување на постапки за казниви дела од областа на измами, фалсификување на исправи, незаконско пренесување и постапување со оружје, експлозиви, средства за масовно уништување, стоки со двојна намена, опасен отпад, криумчарење на стоки, недозволена трговија со дроги, корупција, даночно затајување, недозволена трговија, царинска измама, перење на пари, недозволемно преминување на граница и илегална миграција, заштита на животот, здравјето, човековата околина, културното наследство, акцизни стоки и фалсификување на стоки (потпишан во ноември 2024 година)
- ➢ Протокол помеѓу Министерството за внатрешни работи- Биро за јавна безбедност и Министерството за финансии - Царинска управа, со кој се регулираат начинот и доменот на соработка, координација и заедничко дејствување за поефикасна заштита на државните граници, борба против организиран и сите видови на криминал, спречување и откривање на кривични дела и прекршоци, спречување и

откривање на илегална миграција и трговија со луѓе, собирање и размена на податоци и информации поврзани со граничното управување и заштита на животот и здравјето на луѓето, личната сигурност, имотот и животната средина (ноември 2024 година)

## Соработка со деловната заедница

- По пауза од повеќе од две години на 20 септември се одржа состанок на Советодавното тело во кој заедно со Царинската управа членуваат стопанските комори од Македонија, стопанските комори на странски земји преку кои се развива деловна соработка во нашата земја, здруженија на транспортери и логистички оператори.

  Претставници на Царинската управа беа во посета на компаниите Дрекслмајер Македонија (18 јануари), Пекабеско (2 февруари), Алкалоид (19 февруари), Витаминка (29 февруари), ИГМ трејд (13 март), Ким Неготино, винарија Венец (11 април), Симпекс (22 април). Посетите се остварија во рамки на дијалог со компаниите кој треба да резултира во поуспешни идни заеднички прифатливи мерки и споделување на информации околу досега направеното за олеснување на трговијата и подобрување на условите за водење на бизнис. Новото раководство на Царинската управа оствари средба со раководството на Јилдирим групацијата - Yildirim Group of Companies) и управниот партнер во PwC PC Македонија (25 октомври).

- На редовни средби со претставници на Асоцијацијата Макам-транс, најголемо здружение на транспортни работодавачи на превозни трговски друштва (имаше и посета на граничниот премин Табановце), континуирано се дискутира напредокот на трите главни реформски мерки на коишто работи Царинската управа: усогласување на работното време на инспекциските служби на граничните премини, автоматизација на терминалите на граничните премини со грант од ЕУ и поврзување со новиот систем за видео надзор и препознавање на регистарските таблички, унапредување на дигитализацијата и поврзување на институциите во рамки на државата, но и на ниво на држави.

- На 26 јули се одржа состанок со Македонската асоцијација на меѓународни шпедитери и логистички оператори за заедничко дефинирање на стратегии и методи за олеснување на легитимните потреби на компаниите, со заеднички мерки за превенција, санкционирање и неселективна борба против корупцијата во сите редови.

- На 8 август на состанок со генералниот директор на ТАВ Македонија Неџат Курт потенцирана беше потребата за понатамошно јакнење на соработката и модернизирање на процесите.

- На 27 август на средба со претседателот на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора Виктор Мизо беше заеднички констатирано дека Царинската

управа преку спроведување на реформски мерки и политики поинтензивно ќе придонеува кон привлекување на нови странски инвестиции, проширување на производството и зголемен извоз на производи со поголема додадена вредност.

- На 10 декември во Скопје, во организација на Американската стопанска комора на Македонија и на Србија се одржа регионалната конференција за сузбивање на сивата економија, на која присуствуваше и директорот на Царинската управа Бобан Николовски. За справување со постоечките закани важна е високата подготвеност на земјите во спречување на секој обид за криминални дејствија и сузбивање на сивата економија.

## Транспарентност и односи со јавност

Ние ја промовираме Царинската управа во јавноста како модерна институција која во континуитет презема мерки и активности за овозможување на одржлив економски раст, сузбивање на криминалот и корупцијата и побрза интеграција во ЕУ.

Го следиме јавното мислење преку собирање релевантни податоци, вршење истражувања и увид на состојбите. Го слушаме мислењето на засегнатите страни и бизнис заедницата, со цел подобрување на услугите на Царинската управа.

Преку повисоко ниво на транспарентност и отвореност кон јавноста, ја унапредуваме информираноста на граѓаните и ја градиме довербата која е клучна за просперитетно општество. Транспарентноста и отчетот за работата несомнено се еден од темелите врз кои ќе ја градиме таа доверба.

Нашите приоритети се во линија со владините цели за економска трансформација на државата и сузбивање на криминалот и корупцијата.

## Презентирање на резултатите од првите 100 дена од работењето на новото раководство

На 14 октомври директорот Бобан Николовски одржа јавен настан каде ги презентираше резултатите од првите 100 дена од стапување на функција на новото раководство. За тој период (од 1-ви јули до 8 октомври) Царинската управа наплати вкупни приходи од 35,4 милијарди денари (576,4 милиони евра), што е за 3 милијарди денари (48,7 милиони евра) или 9,2 проценти повеќе од истиот период минатата година. Бројот на случаи на заплени во овој период е зголемен за 60,2 проценти, а бројот на пријави за сторени кривични дела поднесени од страна на Царинската управа е зголемен за речиси три пати.

## Синдикални активности

Самостојниот синдикат на Царинската управа и Синдикалната организација при Царинска управа-УПОЗ континуирано работат  и преземаат активности за подобрување на правата на вработените, како императив за своето постоење, работните услови и социјалната клима, како предуслов за квалитетно и достоинствено работење во Царинската управа.

Во 2024 година синдикалните организации обезбедија средства за синдикална солидарна помош за своите членови, како и членовите на нивното потесно семејство при подолготрајно боледување, смрт на член на синдикатот или член на неговото потесно семејство или по други основи.
Беа организирани активности за одбележување на Меѓународниот ден на жената, новогодишни пакетчиња за најмладите, билети за детскиот фестивал „Златно славејче 2024“ и друго.

### Хуманитарни активности

По повод одбележувањето на 8-ми Март – Меѓународниот ден на жените, синдикалните организации донираа опрема за Детската клиника во Скопје и парична помош наменета за лечење на еден пациент во странство.

На 27.12.2024 година, по повод новогодишните празници, во име на сите вработени во Царинската управа, директорот Бобан Николовски им подари новогодишни подароци на дечињата штитеници во здружението „Инклузива" коешто се грижи за инклузија и развој на децата со посебни потреби, како и на штитениците на организацијата „Порака наша" којашто ги застапува правата и интересите на лицата со интелектуална попреченост.

.